Влада на Република Северна Македонија

## ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
## РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ”, ОХРИД

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ВО ПЕРИОДОТ ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА





СРЕДНО ШТО Е
ВРЕДНО
ОДБЕРИ СТРУЧНО

**Охрид, август 2024 година**

## СТРУКТУРА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР

1. **Воведен дел** ...... 3
2. **Концепт за развивање на Регионален центар за стручно образование и обука** ...... 7
3. **Подрачје бр.1: Наставни планови и програми** ...... 9
4. **Подрачје бр.2: Постигања на учениците** ...... 19
5. **Подрачје бр.3: Учење и настава** ...... 28
6. **Подрачје бр.4: Поддршка на учениците** ...... 38
7. **Подрачје бр.5: Училишна клима и односи во училиштето** ...... 45
8. **Подрачје бр.6: Ресурси** ...... 54
9. **Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика** ...... 64
10. **Јаки страни и слабости, предности и недостатоци на училиштето** ...... 68
11. **Опис на мерила** ...... 69
**Изготвување и носители на изработката на самоевалуацијата на училиштето** ...... 70
**Резиме** ...... 71






## 1. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Како и вообичаено во секоја работа така и во нашиот центар има јаки страни и слабости, предности и недостатоци.

Во процесот на самоевалуација на работењето на центарот во изминатите две учебни години, спроведена во периодот мај - јуни 2024 година зедовме во предвид седум детерминанти или елементи:

1. Наставни планови и програми;
2. Постигнувања на учениците;
3. Учење и настава;
4. Поддршка на учениците;
5. Училишна клима и односи;
6. Ресурси;
7. Управување, раководење и креирање на политика.

Сите овие детерминанти или фактори се во еден интерактивен однос и влијаат меѓусебно, а со тоа интегрално делуваат врз севкупното работење на центарот.

Низ процесот на самоевалуација на работењето на центарот конкретно ги доловивме слабостите и јаките страни, односно добивме одговор на следните прашања:

1. Што и како работиме?
2. Како ја следиме својата работа?
3. Како знаеме дека сме успеале?

Со самоевалуацијата беа опфатени: учениците и нивните родители - старатели, вработените во центарот, начинот на користење на ресурсите, активностите на центарот, процесите на одлучување, вклучувањето и придонесот на различните интересни групи, резултатите од преземените активности, степенот на задоволството кај учениците во процесот.

Методолошката основа на самоевалуацијата е сочинета од комбинација помеѓу разни квантитативно - квалитативни техники и истражувачки постапки, како на пр. преку: разговори со сите заинтересирани страни, анкетирање, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документи и сл..

Во периодот од 23 до 25 ноември 2021 година во центарот беше извршена Интегрална евалуација од страна на тим државни просветни инспектори, чии наоди, сознанија и препораки ќе бидат земени предвид за подобрување на работењето на Регионалниот центар.

Од НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ број: 09-161/2 од 17.12.2021 година од извршената интегрална евалуација во центарот произлегуваат следните наоди и препораки:

| **Препораки** |
|---|
| 1. Подобрување на редовноста на учениците.<br>2. Регистрација на спортски клуб во центарот.<br>3. Реализација на изградбата на предвидената фискултурна сала во центарот.<br>4. Поголема вклученост на родителите и ученичкатата заедница во креирањето на училишната политика и следењето на реализацијата на поставените цели. |

Од извршената интегрална евалуација во сите седум подрачја, тимот од државни просветни инспектори е на мислење дека работата на центарот е добра.

**Идентификациони податоци за Регионалниот центар**

| | |
|---|---|
| **Име на Регионалниот центар** | Државно средно училиште<br>Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески” |
| **Локација на Регионалниот центар** | „Кеј Македонија”, бр. 101 Охрид |
| **Телефон** | 046 264 421 |
| **E-mail** | pitoseski@yahoo.com |
| **Веб страна на Регионалниот центар** | www.vancopitoseski.edu.mk |
| **Facebook страна на Регионалниот центар** | https://www.facebook.com/OUTU.Vanco.Pitoseski/ |
| **Училиштето е основано од** | Народниот одбор на општината Охрид |
| **Верификација - број на актот** | 07-691 |
| **Година на верификација** | 14 јуни 1963 година |
| **Регионалниот центар е основан** | со одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 44-10757/1 од 24.11.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 281/2020), од 1 јануари 2021 година |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Површина на објектот** | 2.102 $м^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 10.475 $м^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 2.400 $м^2$ |
| **Број на вработени** | 43 |
| **Сектори во Регионалниот центар** | угостителство и туризам |
| **Профили на програмите во Регионалниот центар** | Образовни квалификации:<br>▪ тригодишно образование: келнер, готвач;<br>▪ четиригодишно образование: хотелско-туристички техничар, угостителски техничар, угостителски техничар за рурален туризам, хотелско-ресторански техничар. |
| **Број на ученици** | 220 |
| **Број на паралелки** | 19 |
| **Список на конкретни проекти во Регионалниот центар во текот на изминатите 2 години** | 1. "Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем", финансиран од Здружение на граѓани ОХО, Швајцарска агенција за развој и МОН;<br>2. Програма на Европската комисија наменета за образование, обука, млади и спорт "Еразмус плус 2014 -2020";<br>3. „Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“, USAID, МОН;<br>4. „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС проект)“, во согласност со донесенета Концепција за модернизација на техничкото образование, ЦСОО и БРО;<br>5. "Проект за локална и регионална конкуретност“, финансиран од инструментот за претпристапниот доверителски фонд на Европската Унија, Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Владата на Република Северна Македонија;<br>6. Концепт за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, Министерство за образование и наука, Европска фондација за обука;<br>7. „Училиштето се среќава со компаниите“, Австриско Федерално Министерство за образование, наука и истражување, во соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука;<br>8. Хелветас Швајцарска Интеркооперација од Швајцарија (ХСИ);<br>9. EU for youth, WEglobal. |

**Општи податоци за Регионалниот центар**

Регионалниот центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески” во Охрид е Државно средно училиште, лоциран покрај самиот кеј на Охридското езеро, во непосредна близина на „Факултетот за туризам и угостителство”, лесно пристапен за учениците, родителите и др. заинтересирани посетители.




Училиштето е формирано со решение бр. 05-80117/1 од 10 септември 1960 година од страна на Народниот одбор на општина Охрид, како стручно угостителско училиште со практична обука. Како образовна институција училиштето се верифицира со решение бр. 07-691 на 14 јуни 1963 година од страна на Советот за просвета на СР Македонија, со задача да подготвува кадри со општопризнат степен на стручно образование во ранг на квалификуван работник во угостителството за занимањето готвач, келнер и портир. Во судскиот регистар под назив стручно угостителско училиште со практична обука е запишано во Окружниот стопански суд во Битола под бр. 82/65 на 11 јануари 1966 година.

Во учебната 1961/62 година запишани биле 35 ученици, чие образование траело 2 години. Првите предмети кои се предавале во училиштето биле: послужување, готварство, организација на угостителството со хотелиерство и странски јазик. Во јули 1964 година е предаден во употреба хотелскиот дел на училиштето, кој се користи како ученички дом.

Тоа беа почетоците, скромни, но со голема верба дека еден ден оваа воспитно-образовна институција ќе игра значајна улога во развојот на туризмот, како во регионот, така и пошироко во државата.

Како дел од „Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука”, финансиран од Министерството за образование и наука и Европска фондација за обука, со одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 44-10757/1 од 24.11.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 281/2020), од 1 јануари 2021 година се менува статусот на училиштето во Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука.

Во учебната 2021/2022 година во Центарот се воведе дуално образование, преку кои на младите им се обезбедува брзо и директно вработување, сигурна иднина и солидни лични доходи. За таа цел Регионалниот центар потпиша меморандуми за соработка со одредени работодавачи од секторот угостителство и туризам, во чии објекти се реализира практичната обука.

Во учебната 2023/2024 година се реализираа наставни планови и програми за образование на ученици од секторот угостителство и туризам, во следните квалификации:

| Рб | Сектор | Образовна квалификација | Времетраење на образованието |
|---|---|---|---|
| 1. | угостителство и туризам | Готвач<br>Келнер | три години |
| | | Угостителски техничар<br>Угостителски техничар за рурален туризам<br>Хотелско-туристички техничар<br>Хотелско ресторански техничар | четири години |

Согласно Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, во тек е реконструкција на училишниот простор согласно стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби.

Во делот од „Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука”, од декември 2021 година се започна со изведување на одредени градежни работи:

- во ученичкиот дом;
- промена на кровната конструкција и реконструкција на фасадата во делот над училиштето и ученичкиот дом;
- реконструкција на постоечките училиници и кабинети за практична обука согласно стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби;
- хортикултурно уредување на просторот.

Но мора да се напомене, дека овие активности не се реализираа согласно договорената динамика меѓу договорните страни.

Во учебната 2023/2024 година, поради градежните зафати кои се одвиваа во училишната зграда и домот во процесот на модернизацијата на центарот, наставниот процес се реализира преку учење и настава од далечина, преку платформата Microsoft Teams и други помошни алатки, како на пример: viber, messenger, zoom, e-mail и други алатки.

Наставниот кадар, секој според своите можности, наставата вообичаено ја реализира преку:

- испраќање на учениците информации за тоа кои страни од учебникот треба да научат;

- подготовка на наставните содржини за наставните единици во електронска форма (Word, Power point-презентации) и испраќање до учениците;
- споделување со учениците едукативни содржини од различни електронски извори;
- одржување предавање со вклучување преку видео повик со учениците на Microsoft Teams.

Евидентирањето е неминовна активност во процесот на далечинско учење. На ниво на центарот има утврдена методологија за евидентирање на реализацијата на далечинското учење. Наставниците изготвуваа извештаи на неделно ниво (присутност на ученици, време на реализација, реализирани активности, остварени резултати, проблеми во текот на реализацијата и сл.) кои беа доставувани до администраторот, стручната служба и до директорот на центарот.

Исто така, поголем дел од наставниот кадар водеше и електронско портфолио за секој ученик врз кое би се вреднувале и оцениле постигањата на ученикот. Електронското портфолио претставува збирка на трудовите, изработките што ги прикажуваат постигнатите резултати на конкретниот ученик преку различни активности во наставниот процес во овој период и во текот на целата наставна година. Содржина на портфолиот се: чек листа, контролни задачи, тестови, изработки на проекти, цртежи, шеми, различни типови на презентации, спецификации, алгоритми, постери, албуми, заклучоци од реализирани истражувачки задачи, снимки на докази за симулации, студии на случај, запишани предлози за решавање на конкретна проблематика, пишани повратни информации од учениците и сл. Овие трудови се карактеристични за напредувањето и постигањата на ученикот и се докази за оценката.

Во однос на домашните задачи и проверка на знаењета, наставниот кадар, секој според своите можности, овој дел од наставата го реализира преку следните активности:

- учениците ги сликаа сработените домашни задачи и ги праќаа;
- online интерактивни квизови за проверка на знаењата;
- во закажан термин наставниот кадар праќаше задачи / тестови и учениците имаа рок да им испратат слика од одговорите;
- учениците работеа на проекти / задачи на компјутер.

За користење на методот на тестирање наставниот кадар користеше прашалник и квиз алатка за да создадат тестови за тестирање со задачи и прашања со повеќечлен избор, отворени прашања, прашања со надополнување и кратки одговори и преку користење на различни алатки за споделување на материјали, како што се: Google Forms, OneNote, Linolt, Padlet, Zoom, Kahoot, Mentimeter, Socrative, Microsoft Teams, SurveyMonkey, Quizlet, Edmondo, ClassDojo и други. Задачите и прашањата за тестирање се изработуваа согласно наставните програми. Исто така, тестовите не беа обемни, односно се препорачуваше да содржат најмногу десеттина суштински задачи или прашања.

При фотографирањето, снимањето звук и видео каде се прикажуваат учениците, наставниот кадар особено требаше да внимава да бидат заштитени добиените податоци и тие податоци да ги користат исклучиво за следење на постигањата на учениците, со оглед на законските одредби во Законот за заштита на личните податоци.

При реализирањето на наставата од далечина наставниот кадар се соочи со одредени потешкотии, и тоа:

- ✓ одреден дел од кадарот (особено повозрасните) не беше доволно едуциран за примена на напредни интернет платформи, кои може да се користат за споделување на наставните материјали и за комуникација меѓу наставниците и родителите:
- ✓ на тестовите / проверките / домашните задачи дел од учениците не работеа самостојно – споделуваа меѓу себе одговори;
- ✓ дел од учениците не ги следеа задолженијата и тешко беше да се мотивираат;
- ✓ нестабилна интернет врска;
- ✓ дел од учениците не го сфаќаа доволно сериозно учењето од дома;
- ✓ недостиг од учебници во дигитална или во печатена форма, согласно наставните програми по голем број настани предмети;
- ✓ недостиг од дигитални едукативни материјали прилагодени на наставните единици;
- ✓ дел од учениците не можеа да го сфатат материјалот само со учење од дома.

Учењето од дома споредено со периодот кога наставата се реализираше со физичко присуство во центарот придонесе да се зголеми бројот на учениците кои имат потешкотии да го усвојат наставниот материјал.

Наставниот кадар во одреден дел се координираше меѓу себе за да се има предвид колку се оптоварени учениците од различните класови во одреден период. Од учениците наставниот кадар добиваше конкретни предлози во врска со начинот на реализација на наставата на далечина.

Во центарот нема заедничка платформа (Google drive, Dropbox, OneDrive и слично) на која се чуваат електронските портфолија на учнците.

## 2. КОНЦЕПТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Центарот е дел од „Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука”, со опфат на формалното, неформалното образование на возрасните и валидацијата на неформалното и информалното учење (ВНИУ), изработен на иницијатива на Министерството за образование и наука, при што во изминатите 3 години поддршка беше обезбедена од Европската фондација за обука. Крајната цел е обезбедување на самоодржливо и напредно стручно образование и обука, што е интегрирано во националениот образовен систем, но и во регионалниот и европскиот простор, со јасно препознаени механизми за обезбедување на образовни и стручни излезни резултати.

Концептот беше изработен со вклучување на дел од номинираните лица од работна група, под водство на Министерството за образование и наука. Беа остварени повеќе средби со засегнатите страни, состаноци на работната група и дискусии во рамки на тематските on line работилници. Се искористија неколку истражувања.

Вaквиот комбиниран пристап помогна да се интегрираат различните гледишта и да се подготви еден сеопфатен документ за реформата во стручното образование и обука во Република Северна Македонија. Овој концепт обезбедува насоки за преземање на понатамошни чекори кон атрактивно, ефикасно и ефективно стручно образование и обука, како и визија за негов понатамошен развој. Затоа што, само преку единки кои ги имаат прифатено и ги спроведуваат принципите на доживотното учење, може да се постигне поголема флексибилност и вработливост за сите слоеви на населението, како и да се изгради општество кое се темели на знаење, конкурентност и инклузивност.

**Регионален центар за стручно образование и обука**

**<u>Што претставува тоа?</u>**

- Координатор и поддржувач на сите или на некои училишта во регионот;
- Воспоставува цврста соработка со други училишта, на пример за договори за услуги или заедничко сопственииштво врз „Регионалниот центар”.

**<u>Што обезбедува?</u>**

- Одговара на приоритетните потреби на сите училишта во регионот;
- Воспоставува соработка помеѓу училиштата и бизнис заедницата за учење преку работа;
- Дополнителна поддршка за ученици со посебни образовни потреби;
- Континуиран професионален развој;
- Образование на возрасни;
- Развој на наставни програми и материјали;
- Со тек на време, може да помогне да се координира и рационализира понудата на СОО и понудата за образование на возрасни.

**Приоритети на Регионалниот центар за стручно образование и обука**

| | |
|---|---|
| **Приоритети за сопствено реформирање и развој** | Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на труд.<br>Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука.<br>Подобрување на капацитетите на човечките ресурси. |
| **Приоритети во области на образованието на возрасни** | Подобрување на атрактивноста на образованието на возрасни.<br>Поставување на систем за развој на квалитет за образованието на возрасни.<br>Развивање на систем за валидација на претходното знаење.<br>Зајакнување на истражувачките и развојните проекти во образованието на возрасни.<br>Професионализација на кадарот во областа на образованието на возрасни.<br>Мониторинг и евалуација на образованието на возрасни. |
| **Регионалниот центар ќе продолжи да обезбедува** | Соработка помеѓу училиштата и бизнис заедницата за учење преку работа.<br>Дополнителна поддршка за ученици со посебни образовни потреби.<br>Континуиран професионален развој.<br>Образование на возрасни.<br>Развој на наставни програми и материјали.<br>Одговор на приоритетните потреби на сите училишта во регионот.<br>Цврста соработка со други училишта, на пример за договори за услуги. |

**Изјава за мисија на Регионалниот центар**

| **Кое е нашето училиште, што нуди и што прави?** |
|---|
| Образование на кадри од секторот угостителство и туризам за потребите на стопанството во потесна и поширока смисла во југозападниот регион, во согласност со современите текови во образованието и пазарната економија и реформите во средното стручно образование. |

**Изјава за визија на Регионалниот центар**

| **Каде сакаме да стигнеме?** |
|---|
| Регионалниот центар да биде безбедна и дисциплинирана средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, затоа што во него наставата ќе биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите на учениците, наставниците, работодавачите, локалната средина и државата и во која учениците ќе се научат на интеракција, која им е неопходна за компетентно живеење во мултиетничко општество. |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | Применувани наставни планови и програми |
| | | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми |
| | | Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби |
| | | Избор на наставни предмети |
| | | Реализација на проширени програми |
| | | Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала |
| | | Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала |
| | | Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието |
| | | Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Вонnаставни активности | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности |
| | | Опфатност на учениците со вонnаставните активности |
| | | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставните активности |
| | | Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности |

| **Бр.** | **Подподрачје и опис на теми** | **Оценка за квалитет** | **Опис на нивото за квалитет** | **Извор на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Применувани наставни планови и програми | добро | Во РЕГИОНАЛНОТ ЦЕНТАР се реализираат наставни планови и програми за образование на ученици од секторот угостителство и туризам во следните квалификации:<br>▪ готвач и келнер со тригодишно образование;<br>▪ угостителски техничар, угостителски техничар за рурален туризам, хотелско-туристички техничар и хотелско ресторански техничар со четиригодишно образование.<br>Од учебната 2021/2022 година се воведе модуларно образование за сите образовни профили со 4 - годишно образование. За таа цел во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС проект) во согласност со донесенета Концепција за модернизација на техничкото образование од страна на ЦСОО и БРО се изготвија соодветни модуларно дизајнирани наставни планови и програми.<br>Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука (МОН). Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, со предвидениот фонд часови, во согласност со условите во училиштето, наставните и нагледните средства и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за средно образование. Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br>Наставните планови и програми им се постојано достапни на увид, и тие од МОН и тие од центарот. Истите се објавени на веб страните на ЦСОО и БРО и се во состав на стручната служба на центарот. | Наставни планови и програми донесени од МОН; Национални стандарди; Годишна програма за работа на училиштето; Тематски планирања на наставниците; Акти на училиштето; Педагошка евиденција и документација; Аанкети со наставниците, родителите и учениците; Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците; Записници од одржани родителски средби; Записници од училишниот одбор, советот на родители и стручните органи на училиштето; Брошури и интернет-страница на училиштето; Програма за работа на ученичката заедница; Записници од претходните инспекциски надзори; Решенија за инклузивен тим на училиштето; Изработени ИОП за учениците со посебни образовни потреби; Записници од состаноци меѓу училишните тимови за инклузија (родител, наставник и стручните соработници); Материјали од постапката за определување изборни предмети, содржини програмирани од училиштето |
| | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми | добро | Центарот има воспоставено договорени процедури и користи повеќе различни начини да ги информира родителите и учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, како на пр. преку:<br>▪ формалните органи на училиштето;<br>▪ формални /неформални средби;<br>▪ разговори со предметните наставници / раководители на паралелката.<br>Предметните наставници на почетокот од наставната година ги информираат учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето, а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност.<br>И покрај сите активности што ги планира и презема центарот, сепак сметаме дека треба да се подобри информираноста на родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат во центарот. | |
| | Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби | добро | Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП со учество на дефектолог.<br>Да се обезбеди опфат и вклученост на учениците во наставните и вонаставните активности е основа за инклузивно образование. Инклузија е право на сите деца и ученици на пристап и учество, ефективно и целосно во заеднички инклузивен воспитно - образовен контекст.<br>За таа цел во центарот се формира училишен инклузивен тим (УИТ) и инклузивен тим за ученик (ИТУ) кои се меѓусебно поврзани на два начина:<br>▪ УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата,<br>▪ ИТУ во фокусот на својата работа го имаат конкретниот ученик, изготвувањето и реализирањето на неговиот ИОП или модифицирана програма. | |

**Табеларен преглед на ученици со попреченост во центарот**

| Рб | Година на образование | Образовна квалификација | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| 1. | Прва | готвач | 1 |
| 2. | Втора | келнер | 1 |
| 3. | Втора | готвач | 1 |
| 4. | Трета | келнер | 2 |
| 5. | Трета | готвач | 2 |
| **Вкупно** | | | **7** |

Вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем подразбира целосна инклузија во работата и севкупниот живот во училиштето. Овој процес претпочита овозможување повеќе услови за успешна инклузија, меѓу кои и можноста за обезбедување тимски приод при справување со предизвиците, отстранување на сите форми на дискриминација и бариери што го попречуваат правото на инклузивно, односно квалитетно образование.
Наставата за учениците со попреченост се реализира според индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма. Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето, додека, пак, модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период на средното образование и со неа се определуваат резултатите од учење, базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Родителите-старателите имаат право на учество и информирање за сите аспекти од воспитно-образовниот процес на нивното дете.
Во наставата се вклучени и образовни асистенти, кои учествуваат во наставата на различни начини. Целта на поддршката која ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали и да стекнуваат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

**Избор на наставни предмети** — добро

Центарот нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план.
Центарот според наставниот план и спецификите на локалната средина им нуди на учениците во трета година со четиригодишно образование избор на наставни предмети, и тоа за образовниата квалификација:

- хотелско-туристички техничар: математика, анимации во туризам, велнес и спа, основи на угостителското послужување;
- угостителски техничар: анимации во туризмот и угостителството, кетеринг менаџмент, сомелиерство, диететика и нутриционизам, математика;
- угостителски техничар за рурален туризам: анимации во туризам, хортикултурно уредување на просторот, ловен туризам и математика;
- хотелско ресторански техничар: математика, анимации во туризмот и угостителството, диететика и нутриционизам, одржлив развој на туризмот и национална гастрономија.

Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, преку спроведување анкета, со почитување на потребите и барањата на учениците.
Во центарот каде што наставата се изведува на 1 јазик, а, во кој има ученици припадници на различни етнички заедници, нуди изучување на културата на која ѝ припаѓаат тие ученици.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето | | Во рамките на слободните часови/проектни активности, центарот континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучувајќи и програми за здобивање со знаење и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br>Согласно со Концепцијата за модернизација на техничкото образование, донесена со решение на министерот за образование и наука број 24-730/1 од 02.12.2016 година, во структурата на наставните планови за техничкото образование, застапено е подрачјето содржини програмирани од училиштето (во понатамошниот текст: СПУ). Неговата функција е да ги задоволи пошироките потреби на учениците коишто можат да изберат да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани во задолжителните и изборните програми.<br>Тие, исто така, можат преку овие содржини да се вклучат во активности кои ги организира локалната заедница или да соработуваат со соодветните социјални партнери со цел дополнително да ги развиваат клучните и стручните компетенции за подобро да се вклучат на пазарот на трудот и подобро да ја планираат сопствената кариера. Врз основи на насоките на ЦСОО за планирање, реализирање и евидентирање на содржини програмирани од училиштето и врз основа на наставните планови за четиригодишното техничко образование, центарот изработи програма за подрачјето СПУ. Центарот формира група од ученици кои изјавиле интерес за следење на програмата. Времето и местото на реализација го договараат наставникот и учениците.<br>Во текот на учебната година постигањата на учениците од програмата за СПУ се оценуваат најмалку со две оценки во текот на полугодието, а се утврдуваат и полугодишни и годишни оценки. Оценката од програмата за СПУ не влијае на општиот успех на ученикот, а се внесува во свидетелството за завршена година. Реализацијата на програмата за СПУ се евидентира во посебни документи за евиденција. Ученикот ги бележи своите активности во своето портфолио. Планирањето на воспитно-образовната работа за реализација на програмата за СПУ (глобалното/годишното планирање, планирањето на модуларна единица и планирањето на наставен час) наставникот го врши според истите обрасци како и планирањето за останатите наставни програми. Наставникот го евидентира во посебен евидентен лист напредувањето на ученикот кој реализира програма за СПУ. Наставникот ги евидентира реализираните активности од програмата за СПУ во Е дневникот, главната книга и свидетелството. Доколку ученикот, преку своите активности, успешно ги реализирал содржините програмирани од училиштето, наставникот ја запишува бројчената оценка што ја постигнал ученикот во свидетелството, главната книга и Е дневникот.<br><br>**Табеларен преглед на реализирани содржини програмирани од училиштето СПУ**<br><br>(see table below)<br><br>Центарот осигурува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во содржините програмирани од училиштето. | |

| Рб | Наставен предмет/ подрачје | Година на изучување |
|---|---|---|
| 1. | Светското наследство во рацете на младите | прва |
| 2. | Планирање на кариера | втора |
| 3. | Храната како дел од културниот идентитет на одделни народи | трета |
| 4. | Промоција и активна продажба во угостителството и туризмот | четврта |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податоци |
|---|---|---|---|---|
| 1.2 | **Квалитет на наставните планови и програми**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала | делумно задоволува | Центарот прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност само на иницијативи на наставниците и родителите. | Наставни планови и програми донесени од МОН; самоевалуација на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; Ттематски планирања на наставниците; Нормативни акти на училиштето; Стручни упатства и насоките за операционализација на наставните планови и програми; Педагошка евиденција и документација; анкети со наставници, родители и ученици; Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците; Записници од училишниот одбор, инклузивниот тим, советот на родители и стручните органи на училиштето; Поднесени барања; Брошури и интернет-страница на училиштето; Записници од претходните инспекциски надзори; Записници од работата на тимовите за училишна интеграција (ТУИ). |
| | Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | добро | Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од поголем дел од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество. | |
| | Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието | добро | Центарот има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели, како на пр.: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество во сите наставни програми што се реализираат.<br>Наставниците ги почитуваат тие насоки. | |
| | Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | добро | Центарот покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и/или воведување нови струки и образовни профили врз основа на барања од родители, наставници и согледаните потреби на локалната средина и пазарот на трудот до МОН, Бирото за развој на образованието (БРО) и/или до Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО).<br>Во рамките на проектот „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасни”, финансиран од Оперативната програма за Развој на човечки реурси (2007-2013), Европската унија и Британскиот совет, училиштето преку свои претставници беше вклучено во реформирање на профилите со тригодишно траење-келнер и готвач. Во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС проект) во согласност со донесенета Концепција за модернизација на техничкото образование, во соработка со ЦСОО и БРО, училиштето преку свои претставници беше вклучено во реформирање на профилите со четиригодишно траење. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податоци |
|---|---|---|---|---|
| 1.3 | **Вонаставни активности**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности | добро | Центарот планира и реализира разновидни вонаставни активности: натпревари, екскурзии, секции, отворени денови на училиштето и др., што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.<br>Центарот не организира заеднички вонаставни активности со училишта со други наставни јазици во Република Северна Македонија.<br><br>**Табеларен преглед на ученички секции во Центарот**<br><br>Рб \| Ученичка секција \| Одговорен наставник<br>1. \| Млади хотелиери \| Јелиз Караман Бешир<br>2. \| Млади готвачи \| Милена Илиевска<br>3. \| Млади келнери \| Елена Спироска<br>4. \| Литературна секција \| Радивое Раткушиноски<br>5. \| Еколошка секција \| Костадинка Томаноска<br>6. \| Информатичка секција \| Сања Митаноска<br>7. \| Млади спортисти \| Петар Серафимоски, Тони Андрески<br>8. \| Млади нутриционисти \| Марија Ристеска<br><br>Секциите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и др. услови за што поквалитетно изведување на овие активности.<br>Центарот води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, национално и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и на наставниците што го помогнале тоа.<br>Центарот нема регистрирано спортски клуб, со кој би земал редовно учество во системот на училишни спортски натпревари. Согласно напаствијата од Централен регистар доставено е до Министерството за образование и наука: Барање за согласност за регистрација на спортски клуб во центарот.<br>Врз основа на меморандумот за соработка со средното угостителско туристичко училиште во Врњачка бања, преку процесот на размена на ученици, ученици од центарот под менторство на наставник, во периодот од 27.06 до 03.07 2024 година обавија практична обука во Врњачка бања. Учениците практичната обука ја реализираа во ресторанскиот објект „Истра” кој работи во состав на самото училиште.<br>Екскурзиите се таков облик на воспитно-образовна работа преку кој учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку нив учениците ги проширувааат своите знаења, добиваат сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и со културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница.<br>Преку екскурзиите меѓу другото се формира и позитивен однос кон природата и човековата околина, се зацврстува здравјето на учениците, што придонесува за нивниот правилен раст и развој, а се даваат широки можности и за социјализација на младата личност и за развивање на позитивен однос кон трудот воопшто. | Годишна програма за работа; програми за дополнителна настава и за други вонаставни активности; Извештај од реализирани екскурзии; Ппедагошка евиденција и документација; Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за вонаставни активности; Записници од стручни активи и ученичка заедница; Список на ученици вклучени во вонаставни активности; Увид во интернет-страницата, во весниците, социјалните мрежи итн.; Записници од работата на ТУИ. |

**Табеларен преглед на реализирани екскурзии во минатите 2 години**

| Рб | Планирани активности | Реализирани активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднодневна екскурзија | Се реализира еднодневна екскурзија од наставен и рекреативен карактер со учениците од сите години и профили, во стариот дел на градот. | ендаш во текот на секое полугодие од тековната година |
| 2. | Наставни посети и научни набљудувања | Предметните наставници во рамките на своите наставни предмети реализираа со учениците повеќе наставни посети и научни набљудувања, преку што се овозможи поврзување на теоријата со природните законитости и практиката. | до мај од тековната година |
| 3. | Повеќедневна екскурзија | Повеќедневната екскурзија за учениците од предзавршните и завршните години се реализира во Република Србија, Босна и Херцеговина и во Црна Гора. | мај 2024 година |

| | | |
|---|---|---|
| Опфатеност на учениците со вонnаставните активности | добро | Поголем број ученици се вклучени барем во една вонnаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. |
| Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности | делумно задоволува | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор.<br>Учениците немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности.<br>Препораките на наставниците се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите. |
| Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | многу добро | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здру женија на наставници) или на меѓународно ниво.<br>Центарот води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, национално и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа. |

**Листа на освоени награди во последните 2 години**

| Вид на натпревар / Место на одржување | Категорија | Освоена награда |
|---|---|---|
| Меѓународен натпревар GATUS 2022, одржан во Ново Место, Република Словенија | Готварство<br>Послужување<br>Туристички аранжман | 2 втори места и 1 трето место |
| Општински натпревар по прва помош 2023, Црвен крст Охрид | Прва помош | 1 трето место |

| | | |
|---|---|---|
| Државен натпревар „МАССУМ - Образовно рандеву 2023”, Гостивар | Најдобар штанд<br>Најдобар соло изведувач | 1 прво и 1 трето место |
| Меѓународен натпревар GATUS 2023, Охрид | Готварство<br>Послужување<br>Туристички аранжман | 2 први места и 1 второ место |
| Регионален натпревар „Yung Chef” 2024, Струга | Готварство | 1 прво место |
| Државен натпревар „МАССУМ - Образовно рандеву 2024”, Гостивар | Најдобар штанд | 1 прво место |

Во периодот од 28-ми до 30-ти септември 2023 година, Регионалниот центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески” од Охрид беше биде домаќин на XI Меѓународен гастрономски натпревар на ученици од угостителски и туристички училишта од регионот – GATUS 2023. На меѓународниот гастро натпревар учество зедоа околу 200 учесници од 15 училишта од Македонија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Натпреварот се одржа во просторните капацитети на хотелот „Белви” во Охрид. Учениците зедоа учество во следните дисциплини: готварство, угостителско послужување, туристички аранжман.
Натпреварите на кои учествуваат нашите ученици ја збогатуваат традицијата што ја има центарот во однос на постигнатите успеси, кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици, кои со своето учество ги потврдуваат своите квалитети и ја зголемуваат својата мотивација да продолжат и понатаму да се докажуваат во областите во кои покажуваат посебен успех и афинитет.
Исто така Центарот отвори и можности за соработка со пошироката средина во насока на понатамошно организационо и програмско збогатување на воннаставните активности. Во текот на јуни 2023 година година центарот зеде активно учество во реализацијата на спортската манифестација „Охрид трчат”. Учениците од нашето училиште приготвија за учесниците и посетителите на манифестацијата lunch пакети изработени од паста.
Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи. Заедницата на учениците претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во центарот. Преку оваа заедница учениците имаа можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесат за нивниот правилен развој и целокупното работење на центарот. Нејзината работа ја помагаа раководителите на паралелката и одговорните наставници.
Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр.: радио, ТВ, печатени и електронски медиуми, web и facebook страната на центарот, други социјални мрежи и сл.) и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето.

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука (МОН).
- Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, со предвидениот фонд часови, во согласност со условите во центарот, наставните и нагледните средства и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за средно образование.
- Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.
- Центарот има воспоставено договорени процедури и користи повеќе различни начини да ги информира родителите и учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат
- Центарот нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план.
- Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, преку спроведување анкета, со почитување на потребите и барањата на учениците.
- Во центарот каде што наставата се изведува на 1 јазик, а, во кој има ученици припадници на различни етнички заедници, нуди изучување на културата на која ѝ припаѓаат тие ученици.
- Во рамките на слободните часови/проектни активности, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучувајќи и програми за здобивање со знаење и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.
- Содржини програмирани од училиштето се програмираат и реализираат согласно со Концепцијата за модернизација на техничкото образование;
- Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП со учество на дефектолог, а во наставата се вклучени и образовни асистенти.
- Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од поглем дел од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.
- Центарот има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели, како на пр.: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество во сите наставни програми што се реализираат, кои насоки наставниците ги почитуваат.
- Центарот покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и/или воведување нови струки и образовни профили врз основа на барања од родители, наставници и согледаните потреби на локалната средина и пазарот на трудот до МОН, Бирото за развој на образованието (БРО) и/или до Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО).
- Центарот планира и реализира разновидни вонанаставни активности: натпревари, екскурзии, секции, отворени денови на училиштето и др., што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествните компетенции за доживотно учење.
- Центарот обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби во вонаставните активности.
- Поголем број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност.
- Учениците, со помош и поддршка од центарот и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здру женија на наставници) или на меѓународно ниво.
- Центарот води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, национално и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа.
- Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи.
- Центарот, за афирмирање на вонаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр.: радио, ТВ, печатени и електронски медиуми, web и facebook страната на центарот, други социјални мрежи и сл.) и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во центарот.

**Слабости**

- И покрај сите активности што ги планира и презема центарот, сепак сметаме дека треба да се подобри информираноста на родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат во центарот.
- Центарот прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност само на иницијативи на наставниците и родителите.
- Центарот не организира заеднички вonnаставни активности со училишта со други наставни јазици во Република Северна Македонија.
- Центарот нема регистрирано спортски клуб, со кој би земал редовно учество во системот на училишни спортски натпревари.
- Учениците немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности.
- Препораките на наставниците се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.

| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето |
|---|
| 1. Подобрување на информираноста на родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат во центарот.<br>2. Прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.<br>3. Организирање заеднички воннаставни активности со училишта со други наставни јазици во Република Северна Македонија.<br>4. Регистрација на спортски клуб во центарот, со кој би земал редовно учество во системот на училишни спортски натпревари.<br>5. Поголема вклученост на учениците во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите. |

## 4. Подрачје бр.2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди. |
| | | Подобрување на постигнувањата на учениците. |
| | | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. |
| | | Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава. |
| | | Следење на хоризонтално и вертикално движење |
| | | Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | Опфат на учениците |
| | | Редовност во наставата |
| | | Осипување на учениците |
| | | Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податоци |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди. | добро | Центарот прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. (Табеларен и графички преглед подолу.) | Училишни програми и извештаи; Самоевалуација; Записници од стручни органи на училиштето, училишниот одбор, советот на родители; Извештаи од стручните соработници; споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; Резултати од меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари; Анализи на успехот; Анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици; Досиеја на ученици; Програма за дополнителна настава; Портфолио за напредокот на ученикот; Записници од работата на ТУИ. |

**Табеларен преглед на успехот на учениците на крајот од наставната година**

| Успех на учениците | Прва година | | Втора година | | Трета година | | Четврта година | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| Одличен | 3 | 9 | 6 | 3 | 4 | 2 | 3 | 2 | **16** | **16** |
| Многу добар | 10 | 9 | 7 | 4 | 10 | 3 | 4 | 1 | **31** | **17** |
| Добар | 19 | 4 | 30 | 7 | 22 | 2 | 11 | 3 | **82** | **18** |
| Доволен | 17 | | 11 | 1 | 3 | 1 | 3 | 0 | **37** | **2** |
| Поправен испит | | | | | 2 | | | | **2** | |
| Испит на годината | | | 1 | | | | | | **1** | |
| Не ја заврши годината | 1 | | | | | | | | **1** | |
| **Вкупно** | **50** | **22** | **54** | **17** | **42** | **8** | **21** | **6** | **167** | **53** |

**Графички приказ на успехот на учениците на крајот од наставната година**




На крајот од наставната година 1 ученик не ја заврши годината во јуни.

**Табеларен преглед на средниот успех на крајот на наставната година**

| **Година на образование** | **Келнер** | **Готвач** | **УТ** | **ХТТ** | **УТРТ** | **ХРТ** | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 2.2 | 3.33 | 3.81 | 3.05 | 3.50 | 3.17 | **3.17** |
| Втора година | 2.65 | 3.39 | 4.17 | 3.70 | 3.3 | 2,86 | **3,34** |
| Трета година | 2,6 | 3,34 | 3,8 | 3,03 | | | **3,19** |
| Четврта година | | | 3,52 | 3,53 | 3,54 | | **3,53** |
| **Среден успех** | **2,48** | **3,35** | **3,82** | **3,32** | **3,44** | **3,01** | **3,30** |

**Графички приказ на средниот успех на учениците по година на образование**




Највисок среден успех имаат учениците од втора година образовна квалификација угостителски техничар: 4,17, а најнизок од прва година образовна квалификација келнери: 2,2.
По години на образование највисок среден успех имаат учениците од четврта година: 3,53 , а најнизок од прва година: 3,17.
По образовни квалификации највисок среден успех имаат учениците од квалификацијата угостителски техничар: 3,82, а најнизок од квалификацијата келнер: 2,48.

| | | |
|---|---|---|
| Подобрување на постигнувањата на учениците | добро | Центарот промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат.<br>Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците.<br>Средниот успех на учениците на крајот од наставната година е 3,30 и е понзок за 3,2 % во однос на минатата година, а бележи тренд на подобрување и во однос на учебната 2021/2022 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Графички приказ на средниот успех во последните 3 години**   | |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот | добро | Центарот има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредредок. | |
| | Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | добро | Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br>Во текот на целата учебна година, центарот реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. Додатната настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области се организира во повеќе области, како на пр.: стручните предмети (практична настава), спорт и спортски активности и др.. | |
| | Следење на хоризонтално и вертикално движење | добро | Центарот доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Им овозможува на учениците премин од една во друга образовна квалификација од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво. | |
| | Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците | добро | Центарот има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вонанаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности. | |

<table>
<tr><th>Бр.</th><th>Подподрачје и опис на теми</th><th>Оценка за квалитет</th><th>Опис на нивото за квалитет</th><th>Извор на податоци</th></tr>
<tr><td>2.2</td><td colspan="4">Задржување/осипување на учениците<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје</td></tr>
<tr><td></td><td>Опфат на учениците</td><td>добро</td><td>Центарот обезбедува услови за запишување на сите деца кои изразуваат интерес и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца кои изразуваат интерес (формирана училишна комисија, посети на основни училишта, отворени денови, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации).<br>Центарот квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес.<br>Во учебната 2023/2024 година воспитно-образовниот процес го следеа 220 ученици, распоредени во 19 паралелки.<br><br>Табеларен преглед на бројот на паралелки и ученици по година на образование<br>
<table>
<tr><th rowspan="2">Година на образование</th><th rowspan="2">Број на паралелки</th><th colspan="3">Број на ученици</th></tr>
<tr><th>машки</th><th>женски</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>Прва година</td><td>6</td><td>50</td><td>22</td><td>72</td></tr>
<tr><td>Втора година</td><td>6</td><td>54</td><td>17</td><td>71</td></tr>
<tr><td>Трета година</td><td>4</td><td>42</td><td>8</td><td>50</td></tr>
<tr><td>Четврта година</td><td>3</td><td>21</td><td>6</td><td>27</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>19</td><td>167</td><td>53</td><td>220</td></tr>
</table>
<br>Графички приказ на бројот на ученици по година на образование<br>


<br>Бројот на запишани ученици во прва година е на исто ниво во однос на минатата година.</td><td>Програми за работа на училиштето; Извештаи на училиштето; Потребна документација за упис, осипувањето и изостанувањето од наставата; Интервју со директорот, стручните соработници и наставниците; Увид во педагошката евиденција и документација; известувања на училиштето до надлежните органи (МОН, Државен/ општински просветен инспекторат - ДПИ и Центарот за социјални работи); Записници од средби со родители и локалната самоуправа; евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.); Покани за советување; Записници од одржани советувања со родителите; Известувања до Центарот за социјални грижи и до надлежен орган; Записници од работата на ТУИ.</td></tr>
</table>

Редовност во наставата

делумно задоволува

Центарот систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

Центарот ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Во центарот има појава на голем број изостаноци на учениците од наставата.

**Табеларен преглед на направени изостаноци на учениците**

| **Година и степен на образование** | **Вкупен број на изостаноци** | | **Просечен бр. на изостаноци по ученик** | |
|---|---|---|---|---|
| | оправдани | неоправдани | оправдани | неоправдани |
| Прва година со тригодишно образование | 234 | 82 | 14,63 | 5,12 |
| Прва година со четиригодишно образование | 900 | 158 | 16,07 | 2,82 |
| Втора година со тригодишно образование | 282 | 192 | 9,4 | 6,4 |
| Втора година со четиригодишно образование | 1.458 | 339 | 35,56 | 8,27 |
| Трета година со тригодишно образование | 468 | 181 | 17,33 | 6,70 |
| Трета година со четиригодишно образование | 1.015 | 131 | 44,13 | 5,70 |
| Четврта година | 777 | 181 | 28,78 | 6,70 |
| **Вкупно** | 234 | 82 | 14,63 | 5,12 |

На крајот од наставната година направени се вкупно 6.398 изостаноци, односно 31,53 изостанци по ученик. Редовноста на учениците во учебната 2023/2024 година бележи тренд на подобрување, при што се забележува зголемување на редовноста за 48,79% во однос на минатата година, што најмногу се должи на наставата преку учење од далечина.

**Графички приказ на редовноста на учениците во последните 3 години**



**Осипување на учениците** — добро

Центарот континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.
На почетокот од учебната година запишани се вкупно 220 ученици, во текот на годината се запишале уште 8, а се осипале 8 ученици.

**Табеларен преглед на бројот на учениците во текот на годината**

| Ученици во текот на годината | Прва година | Втора година | Трета година | Четвртa година |
|---|---|---|---|---|
| Ученици на почетокот на годината | 71 | 71 | 52 | 26 |
| Ученици во текот на годината | 4 | 2 | 1 | 1 |
| Отпишани ученици од училиштето | 3 | 2 | 3 | |
| Ученици на крајот од годината | 72 | 71 | 50 | 27 |

**Табеларен преглед на осипани ученици од училиштето во текот на годината**

| Година на образование | Келнер | Готвач | Хотелско-туристички техничар | Хотелско ресторански техничар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | | 2 | | 1 | **3** |
| Втора година | | | 1 | 1 | **2** |
| Трета година | 1 | | 2 | | **3** |
| Четврта година | | | | | |
| **ВКУПНО** | **1** | **2** | **3** | **2** | **8** |

**Графички приказ на осипувањето на учениците во последните 3 години**




Осипувањето на учениците е околу 3,5% и со сите активности што ги планира и презема центарот, се забележува тренд на намалување процентот на осипување на учениците.
Осипувањето на учениците е на посакуваното ниво под 4%.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Премин на ученици од едно училиште во друго | многу добро | Центарот ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.<br>Овие ученици добиваат статус на условно запишани ученици во училиштето и им се овозможува подготвителна/консултативна настава и полагање дополнителни испити. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податоци |
|---|---|---|---|---|
| 2.3 | **Повторување на учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието | добро | Во центарот постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и центарот презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.<br>Во учебната 2021/2022 година 1 ученик од четврта година, образовна квалификација хотелско-туристички техничар, поради повеќе од 2 недоволни оценки, не ја заврши годината.<br>Во учебната 2022/2023 година сите ученици ја завршија годината.<br>Во учебната 2023/2024 година 1 ученик од прва година, образовна квалификација келнер, поради повеќе од 2 недоволни оценки, не ја заврши годината.<br>Во Центарот се идентификуваат и анализираат причините за повторување на годината и презема мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината. Центарот ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.<br>Процентот на ученици што положиле завршен испит и државна матура не е во постојан раст. | Интерни училишни акти; Анализа за успехот на учениците во последните три години; Увид во педагошката евиденција и во документацијата; Записници од разговорите со учениците, родителите и стручните соработници; Примери од поднесени и разгледани жалби од родители и ученици. |

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Центарот прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.
- Центарот промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат.
- Центарот има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредредок.
- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.
- Центарот доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.
- Центарот има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на центарот.
- Центарот обезбедува услови за запишување на сите деца кои изразуваат интерес и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.
- Центарот систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.
- Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.
- Центарот континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.
- Осипувањето на учениците е на посакуваното ниво под 4%.
- Центарот ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.
- Во центарот постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и центарот презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.

**Слабости**

- Постигнатиот среден успех на учениците на ниво на училиште не е доволно висок.
- Во центарот има појава на голем број изостаноци на учениците од наставата.
- Процентот на ученици што положиле завршен испит и државна матура не е во постојан раст.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**

1. Подобрување на средниот успех на учениците на ниво на центарот за 3%.
2. Подобрување на редовноста на учениците во наставата за 5%.
3. Зголемување на процентот на ученици што положиле завршен испит и државна матура.

## 5. Подрачје бр. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирања на наставниците | Поддршка и следење на планирањата на наставниците |
| | | Индивидуални планирања на наставниците |
| | | Размена на искуства и информации при планирањето |
| | | Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | Наставни форми и методи |
| | | Употреба на ИКТ во наставата |
| | | Избор на задачи, активности и ресурси |
| | | Приодот на наставникот кон учениците |
| | | Интеракција меѓу наставниците и учениците |
| | | Следење на наставниот процес |
| | | Изведување практична обука на учениците кај работодавачите |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | Средина за учење |
| | | Атмосфера за учење |
| | | Поттикнување на учениците за преземање одговорност |
| | | Интеракција на учениците меѓу себе |
| | | Учење во реални работни услови кај работодавач |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | Идентификување на образовните потреби на учениците |
| | | Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | Училишна политика за оценување |
| | | Методи и форми на оценување |
| | | Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | Известување на родителите за напредокот на учениците |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.1 | **Планирање на наставниците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | делумно задоволува | Во центарот има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето.<br>Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со други релевантни институции.<br>Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот или од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. | Годишни, тематски планирања/тематски процесни планирања и оперативен план за наставен час; Планирања за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, слободни часови/ проектни активности; Договорена интерна процедура за планирањата и следење на планирањата на наставниците; Евидентни листови/инструменти за следење на планирањата на наставниците; Записници од разговорите со директорот, стручните соработници, наставниците; Записници од состаноци на стручните активи; Други докази за кореспонденција; Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставни часови; Записници од средби на инклузивниот тим со активи и наставници; Извештаи од следење на планирањата; Распореди за реализација на наставни и воннаставни активности; Записници од работата на тимот за училишна интеграција - ТУИ |
| | Индивидуални планирања на наставниците | добро | Сите наставници навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности.<br>Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br>Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. | |
| | Размена на искуства на наставниците | добро | Наставниците планираат во рамките на стручните активи. Користат стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта, меѓународни искуства и др..<br>Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата на колеги од стручниот актив. Соодветно се применуваат и насоките и укажувањата од советниците од БРО и ЦСОО. | |
| | Распоред на часови | добро | Распоредот на часови е направен во согласност со наставниот план, според просторните и кадровските можности на центарот, при што се почитува најдобриот интерес на детето. Центарот навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, содржини програмирани од училиштето и тој се реализира според предвидената динамика. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.2 | **Наставен процес**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Наставни форми и методи | добро | Поголем број наставници користат разновидни наставни форми што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.<br>Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.<br>Успешно ги развиваат клучните компетенции за доживотно учење и индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Во поголем дел предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни.<br>Наставниците настојуваат поголем дел од учениците да учествуваат во активностите за време на часот и ги земаат предвид идеите на учениците за подобрување на процесот на учење.<br>Поголем број од учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието.<br>За време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Голем број од учениците успеваат да ги завршат сите обврски што ги имаат во училиштето. | Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; Годишни, тематски, дневни планирања; програма за учење преку работа; Програма за работа на директорот/ стручните соработници; Анкети/интервјуа со наставниците и со учениците; Професионално досие на наставникот; Листа на ученици што изведуваат практична обука кај работодавачи; Листа на потпишани договори за изведување практична обука на учениците кај работодавачите; Листа на компании со кои училиштето има воспоставени партнерски односи; Записници од работата на ТУИ; Документација за организација на феријална практика. |
| | Употреба на ИКТ во наставата | добро | Поголем број наставници се обучени за употреба на ИТ и нови образовни технологии (асистивна компјутерска технологија, лаборатории, машини, апарати и др.) и нив ги применуваат во наставата. | |
| | Избор на задачи, активности и ресурси | добро | Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности.<br>На децата што од кои било причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со приспособени програми и активности.<br>Често се користат и информации од интернет до кои учениците доаѓаат преку истражување.<br>Голем број наставници применуваат истражување и најдобри практики во одржување на наставата.<br>По голем број наставни предмети сеуште нема одобрени учебници во печатена или дигитална форма. | |
| | Приодот на наставникот кон ученикот | добро | Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците. Поголем број наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.<br>Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.<br>Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците, преку пофалби кога е тоа соодветно.<br>Поголем број наставници применуваат различни форми на итеракција со учениците (поставување прашања, водење дискусии, дебати, индивидуална настава).<br>Учењето во училницата во голем дел е активно, динамично и има работна атмосфера. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците | добро | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, обезбедува еднакви можности за учениците имајќи ги предвид нивните способности, независно од полот, социјалното потекло, етничката и религиската припадност.<br>Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди (во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и др.) | |
| | Следење на наставниот процес | делумно задоволува | Центарот нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.<br>Секој наставник се посетува на час барем еднаш во текот на едно полугодие од директорот или од стручните соработници.<br>Постојат добри практики на размена на искуства преку следење наставни часови од колеги.<br>Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. | |
| | Изведување практична обука на учениците кај работодавачите | многу добро | Практичното образование претставува вид организирана форма на стекнување стручни и трансферзални знаења, вештини и компетенции за вршење работа и работни задачи во рамките на еден работен процес.<br>Во центарот согласно предвидените наставни планови и програми за средното стручно образование, се реализираат разни видови практично образование и тоа:<br>▪ практична настава, претставува форма на практично образование која им овозможува на учениците да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамките на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа. Практичната настава се реализира во училишни објекти (соодветни кабинети/работилници, училишни компании) и во реални процеси кај работодавач;<br>▪ учење преку работа кај работодавач УПР, претставува учење кога учениците учат преку работа во реална работна средина и услови за производство на реални стоки и услуги;<br>▪ феријална пракса, е форма на учење преку работа кај работодавач, која се организира по завршувањето на наставната година, и по правило, во континуирано траење од 20 дена кај соодветен работодавач. Феријалнатата пракса се реализира соглано „Упатството за феријалната практика", изработено од страна на работната група за феријална практика, по иницијатива на Центарот за стручно образование и обука, со поддршка на проектот „Образование за вработување во Северна македонија" (Е4Е@мк).<br>Центарот назначи координатор за учење преку работа од центарот.<br>Координаторот е лице кое ги координира активностите во однос на планирање, организација, реализација, следење и евидентирање на феријалната практика, процесите на учење преку работа и е врската помеѓу центарот и работодавачите.<br>Пред ученикот да започне со изведување практична обука (практична настава, УПР, феријална практика) претходно мора да има завршено основна обука за безбедност и здравје при работа. Центарот организира задолжителна обука за секој ученик. Програмата беше димензионирана на две модуларни единици и 8 резултати од учење, чија реализација се оствари со 12 наставни часа, при што беше битно обуката да биде реализирана во континуитет и бројот на учениците да не биде поголем од 34. Ако ученикот еднаш ја реализирал обуката и се стекнал со Потврда за реалзирана основна обука за безбедност и здравје при работа, истата има важност за сите години на неговото средно образование.<br>Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите целосно се реализира според наставниот план и програма.<br>Феријалната практика се реализира според насоки изработени од Центарот за стручно образование и обука. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.3 | **Искуства на учениците од учењето**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Средина за учење | добро | Учениците и родителите го доживуваат центарот како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија.<br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), при што се почитуваат естетски норми и тие редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење. | Анкета за учениците; Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците; Увид во ученичките досиеја; Увид во евиденцијата на стручните соработници; План и програма за учење преку работа; Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница; Увид на заедничкиот училиштен простор; Записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција. |
| | Атмосфера за учење | добро | Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.<br>За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. | |
| | Поттикнување на учениците за преземање одговорност | добро | Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.<br>Иницираат и спроведуваат активности со одговорности во центарот (во и надвор од наставата) и во локалната средина. | |
| | Интеракција на учениците меѓу себе | добро | Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Заеднички работат на различни проекти, во наставата и надвор од неа, во групи со балансиран хетероген состав.<br>Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето. | |
| | Учење во реални работни услови кај работодавач | добро | Центарот им обезбедува на сите ученици да реализираат учење преку работа/практична обука во реални работни услови кај работодавач согласно со наставните планови и програми.<br>Во учебната 2021/2022 година во Центарот се воведе дуално образование, преку кои на младите им се обезбедува брзо и директно вработување, сигурна иднина и солидни лични доходи. За таа цел Регионалниот центар потпиша меморандуми за соработка со одредени работодавачи од секторот угостителство и туризам, во чии објекти се реализира практичната обука во реални работни услови. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.4 | **Задоволување на потребите на учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Идентификување на образовните потреби на учениците | добро | Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>За учениците што следат настава на јазик различен од мајчиниот не се обезбедува посебна поддршка за изучување на јазикот на кој се одвива наставата. | Анкети со ученици; Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците; Записници од инклузивните тимови; Увид во ученичките досиеја; Увид во евиденцијата на стручните соработници; Програма за работа и извештаи на ученичката заедница; Посета на наставни часови; Извештаи од следење на наставата во училиштето. |
| | Почитување на различните потреби на учениците во наставата | добро | Поголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.5 | **Оценувањето како дел од наставата**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Училишна политика за оценување | добро | Центарот ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.<br>Центарот на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Поголем број наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште.<br>Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината и не се препознатливи отстапувања во оценувањето.<br>Центарот има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го подржи учењето на секој ученик, при што:<br>▪ оценувањето се врши континуирано;<br>▪ има изготвено интерен правилник и Етички Кодекс за оценување;<br>▪ наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците;<br>▪ изготвени се стандардизирани критериуми (стандарди) за оценување на ниво на училиште;<br>▪ поголем број наставници се обучени за примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците. | Програма за работа на училиштето; Распоред за додатна и дополнителна настава; Списоци на ученици; Правилник за оценување и напредување на учениците; Интерен правилник за оценување; Стандарди за оценување; Увид во педагошката евиденција и документација; Користени инструменти за оценување; Примери на оценети ученички трудови; Извештаи од стручни соработници за следени планирања; Записници од инклузивниот тим; Ззаписници од стручните активи, наставничкиот совет; Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите и со инклузивниот тим; Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; Интерни акти/кодекси на училиштето; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; Инструменти за индивидуализирани начини на проверка; Записници од работата на тимот за училишна интеграција - ТУИ. |
| | Методи и форми за оценување | добро | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.<br>Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).<br>Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигнувањата.<br>Наставникот ги оценува постигнувањата на учениците со пречки во развојот во согласност со целите во индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.<br>Мислењето на ученикот за сопствените постигнувања се зема превид во оценувањето.<br>Сите наставници при испрашувањето, повратните информации и индивидуалната настава имаат еднаков пристап кон машките и женските ученици.<br>Оценувањето е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. | |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | добро | Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.<br>Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 3.6 | **Известување за напредокот на учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Известување на родителите за напредокот на учениците | добро | Центарот има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно.<br>За таа цел се користат добро организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите. Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца.<br>Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат. | Увид во педагошката евиденција и документација; Анкети и интервјуа со родителите; Записници од инклузивниот тим; Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; Интерни акти/кодекси на училиштето; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците |

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со други релевантни институции.
- Сите наставници навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности.
- Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.
- Наставниците планираат во рамките на стручните активи и користат стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта, меѓународни искуства и др..
- Распоредот на часови е направен во согласност со наставниот план, според просторните и кадровските можности на центарот, при што се почитува најдобриот интерес на детето.
- Центарот навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, содржини прогрмаирани од училштето и тој се реализира според предвидената динамика.
- Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.
- Наставниците успешно ги развиваат клучните компетенции за доживотно учење и индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка.
- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите, при што изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.
- Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици.
- Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.
- Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.
- Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди (во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и др.).
- Постојат добри практики на размена на искуства преку следење наставни часови од колеги.
- Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.
- Во центарот согласно предвидените наставни планови и програми за средното стручно образование, се реализираат разни видови практично образование и тоа: практична настава, учење преку работа кај работодавач УПР и феријална пракса.
- Центарот назначи координатор за учење преку работа од центарот.
- Пред ученикот да започне со изведување практична обука (практична настава, УПР, феријална практика) претходно мора да има завршено основна обука за безбедност и здравје при работа.
- Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите целосно се реализира според наставниот план и програма.
- Феријалната практика се реализира според насоки изработени од Центарот за стручно образование и обука.
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.
- Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.
- Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права.
- Учениците иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето (во и надвор од наставата) и во локалната средина.
- Учениците сметаат дека центарот низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.
- Учениците заеднички работат на различни проекти, во наставата и надвор од неа, во групи со балансиран хетероген состав.
- Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во центарот.

- Центарот им обезбедува на сите ученици да реализираат учење преку работа/практична обука во реални работни услови кај работодавач согласно со наставните планови и програми.
- Во Центарот е воведено дуално образование, преку кои на младите им се обезбедува брзо и директно вработување, сигурна иднина и солидни лични доходи.
- Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.
- Центарот ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.
- Центарот има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.
- Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.
- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Оценувањето е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.
- Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.
- Центарот има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

**Слабости**

- Во центарот има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето.
- Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.
- Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот или од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.
- Поголем број наставници се обучени за употреба на ИТ и нови образовни технологии (асистивна компјутерска технологија, лаборатории, машини, апарати и др.) и нив ги применуваат во наставата.
- По голем број наставни предмети сеуште нема одобрени учебници во печатена или дигитална форма.
- Центарот нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.
- Секој наставник се посетува на час барем еднаш во едно полугодие од директорот или од стручните соработници.
- За учениците што следат настава на јазик различен од мајчиниот не се обезбедува посебна поддршка за изучување на јазикот на кој се одвива наставата.

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
|---|
| 1. Пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручните соработници и/или лица назначени од стручните органи.<br>2. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците.<br>3. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/ или од лица назначени од стручните органи.<br>4. Сите наставници се обучени за употреба на ИТ и нови образовни технологии (асистивна компјутерска технологија, лаборатории, машини, апарати и др.) и нив ги применуваат во наставата.<br>5. Учебници по сите наставни предмети, согласно наставните програми, во дигитална или печатена форма.<br>6. Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и таа редовно се применува.<br>7. Секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодието од директорот или од стручните соработници.<br>8. За учениците што следат настава на јазик различен од мајчиниот се обезбедува посебна поддршка за изучување на јазикот на кој се одвива наставата. |

## 6. Подрачје бр. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди |
| | | Превенција од насилство |
| | | Заштита од пушење, алкохол и дрога |
| | | Квалитет на достапна храна |
| | | Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост |
| | | Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | Хигиена и заштита од болести |
| | | Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| | | Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| 4.4 | Следење на напредокот | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците |
| | | Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| Бр | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 4.1 | **Севкупна грижа за учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | добро | Училишниот простор е безбеден за изведување настава.<br>Центарот има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и нив ги реализира според планираното.<br>Учениците користат заштитна опрема при реализацијата на наставните содржини за здобивање со практични вештини.<br>Инфраструктурата во центарот (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во центарот што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) се обезбедени и посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности.<br>Во училишниот простор има ПП-апарати, внатрешни и надворешни хидранти и громобранска инсталација и сите тие се сервисирани.<br>Во центарот има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи.<br>Центарот има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација.<br>Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. | Програмата за работа на директорот; Програма за работа на стручните соработници; Записници од индивидуалните разговори со учениците и со родителите; Увид во педагошката евиденција, увидот во просторните капацитети и увидот на час; Упатства на училиштето за формите и методите што ги користи; Податоци за организирана исхрана на учениците; Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; Евиденција и известувања од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми; Досие на ученикот; Годишна програма за работа на училиштето; Програма за работа на тимот за инклузија и акционен план. |
| | Превенција од насилство | добро | Во Центарот се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.<br>Центарот нема програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство.<br>Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Води евиденција за појавните форми на насилство.<br>Во центарот се постапува според договорените процедури за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центарот за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.<br>Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од еднаш центарот.<br>Центарот има Кодекс за безбедно училиште и е истакнат на видно јавно место достапно и на ученици, родители, наставници.<br>За дополнителна заштита на учениците, центарот е под видео надзор (влезови, ходници, наставничка канцеларија, училишен двор), со поставување на видео камери на места од каде што се регистрираат сите можни движења во училиштето. | |
| | Заштита од пушење, алкохол и дрога | добро | Центарот има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуира ат и користат наркотични супстанции.<br>Во училишниот објект на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и користење на наркотични супстанции. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во соработка со локалната заедница, Министерството за внатрешни работи и општината, наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанции во дворот и на терасите на училиштето.<br>Во центарот се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>Центарот има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани. | |
| | Квалитет на достапна храна | добро | Центарот не нуди организирана исхрана на учениците, освен за учениците сместени во домот.<br>Центарот се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците и има увид во квалитетот на храната преку доставената документација од извршените контроли од надлежна институција. Храната е здрава и разновидна.<br>Во соработка со општината не се спроведуваат процедури за проверка на квалитетот на храната во објектите за храна во неговата непосредна околина.<br>Во центарот се води кампања за здрава исхрана. | |
| | Поддршка на учениците со пречки во развојот / физичка попреченост | добро | Центарот има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и грижа за овие ученици.<br>Пристапот во центарот е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење.<br>Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба.<br>Од страна на учениците и наставниците, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е тоа потребно. | |
| | Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | добро | Центарот има договорени процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.<br>Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици што потекнуваат од социјално загрозени семејства. Притоа, соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница). | |

| **Бр.** | **Подподрачје и опис на теми** | **Оценка за квалитет** | **Опис на нивото за квалитет** | **Извор на податок** |
|---|---|---|---|---|
| 4.2 | **Здравје**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Хигиена и заштита од болести | добро | Хигиената во центарот е на високо ниво.<br>Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи.<br>Центарот редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.<br>Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена.<br>Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие.<br>Дворот на центарот е чист и хортикултурно уреден. Во дворот, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.<br>Во случај на појава на заразна болест, центарот усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење.<br>Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. | Годишна програма за работа на училиштето; Куќен ред; Кравилник за организација и систематизација на работата и работните места; Записници од органите на училиштето; Записници од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците; Записници од инклузивниот тим; Записник од дезинфекција, дезинсекција и дератизација; Потврда за примени вакцини; Списоци од систематски прегледи на вработените и учениците; Санитарни книшки на вработените; Педагошка психолошка евиденција; Педагошка евиденција и документација; Досие на ученик и увидот во училишниот простор; Увид во училиштен двор. |
| | Грижа за ученици со здравствени проблеми | добро | Центарот има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат за сите ученици што имаат потреба од таков третман во соработка со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа).).<br>На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени причини, училиштето им овозможува полагање на испит на годината на крајот на наставната година. | |
| | Грижа за ученици со емоционални потешкотии | добро | Центарот има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството).<br>Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн). | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 4.3 | **Советодавна помош за понатамошното образование на учениците**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување | добро | Центарот навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.<br>Подготовката што ја организира за учениците за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување по завршувањето на средното образование опфаќа широк спектар добро структурирани активности, (самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработката на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа).<br>Центарот редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија.<br>Има постојана соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, редовно спроведува тестирање за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. | Записници од работилниците; Записници од родителски средби; Анкетирање и интервјуа со учениците и со родителите; Информации подготвени од стручните соработници и пласирани преку достапни медиуми на училиштето; Програма за професионална ориентација на учениците; Флаери; Предавања; Записници од состаноци на инклузивниот тим. |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 4.4 | **Следење на напредокот**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Водење евиденција за индивидуални от напредок на учениците | многу добро | Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. | Извештаи и анализи; Педагошка евиденција и документација; Евиденција на премин на ученици (преведници и др.); Записници од разговорите со наставниците и со стручните соработници. |
| | Анализа на напредокот на учениците по паралелки | многу добро | Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка, и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици.<br>Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. | |

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување настава.
- Учениците користат заштитна опрема при реализацијата на наставните содржини за здобивање со практични вештини.
- Инфраструктурата во центарот (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.
- Во училишниот простор има ПП-апарати, внатрешни и надворешни хидранти и громобранска инсталација и сите тие се сервисирани.
- Во центарот има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето.
- Центарот има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација.
- Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани.
- Во Центарот се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.
- Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно
- Центарот има Кодекс за безбедно училиште и е истакнат на видно јавно место достапно и на ученици, родители, наставници.
- За дополнителна заштита на учениците, центарот е под видео надзор (влезови, ходници, наставничка канцеларија, училишен двор), со поставување на видео камери на места од каде што се регистрираат сите можни движења во центарот.
- Центарот има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуира ат и користат наркотични супстанции.
- Центарот се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците, кои се сместени во домот.
- Во центарот се води кампања за здрава исхрана.
- Центарот има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост.
- Центарот соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и грижа за овие ученици.
- Пристапот во центарот е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење.
- Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба.
- Хигиената во центарот е на високо ниво.
- Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи.
- Центарот редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.
- Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена.
- Дворот на центарот е чист и хортикултурно уреден.
- Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи.
- Центарот има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.
- Центарот има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството).
- Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн).
- Центарот навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.
- Има постојана соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, редовно спроведува тестирање за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување.
- Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

- Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.
- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците.
- Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**Слабости**

- Центарот има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и нив ги реализира според планираното.
- Центарот нема програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство.
- Во соработка со општината не се спроведуваат процедури за проверка на квалитетот на храната во објектите за храна во неговата непосредна околина.
- Центарот има договорени процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонnаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.
- Во случај на појава на заразна болест, центарот усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**

1. Пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и нив ги реализира според планираното.
2. Програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство.
3. Во соработка со општината се спроведуваат процедури за проверка на квалитетот на храната во објектите за храна во неговата непосредна околина.
4. Пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонnаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.
5. Програма за превенција од заразни болести.

## 7. Подрачје бр. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | Углед/имиџ на училиштето |
| | | Кодекс на однесување |
| | | Училишна клима |
| | | Поведение и дисциплина во училиштето |
| | | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 5.2 | Промовирање на постигањата | Промовирање на личните постигања на учениците |
| | | Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | Познавање на правата на децата |
| | | Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| | | Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | Соработка на училиштето со родителите |
| | | Соработка со локалната заедница |
| | | Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок Верификација на податок |
|---|---|---|---|---|
| 5.1 | **Училишна клима и односи во училиштето**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Углед/имиџ на училиштето | добро | Центарот е препознатлив според добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Центарот е инклузивен, безбеден и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во центарот владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со центарот, се грижат за неговиот углед.<br>Со сите активности што ги планира и презема центарот, угледот/имиџот што го има пред сè во локалната заедница, може да се каже дека е подобрен. Но сè уште сметаме дека имиџот што го има пред сè во локалната заедница, не е на потребното задоволително ниво.<br>Во соработка и по насоки на Владата на Република Северна Македонија се изврши трансформација на статусот на училиштето во Регионален центар за стручно образование и обука во југозападниот регион, со што очекуваме значително подобрување на угледот/имиџот на училиштето и воедно унапредување на туристичкиот сектор. | Кодекс на однесување; Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; Статут на училиштето; Куќен ред на училиштето; Пофалби, награди, признанија и др.; Програма и правилник за работа на ученичката заедница; Записници од советувања; Записници од состаноци со ученичката заедница; решение за формирање на ученичка заедница;; Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција. |
| | Кодекс на однесување | добро | Центарот има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот кадар, учениците и родителите. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во центарот, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура.<br>Центарот има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика. | |
| | Училишна клима | добро | Центарот води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на центарот.<br>Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за центарот.<br>Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во центарот. | |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | делумно задоволува | Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување.<br>Постои работна атмосфера за време на наставата и вонкнаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од центарот. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Центарот соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.<br><br>**Табеларен преглед на поведението на учениците** | |

| Поведение на учениците | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 69 | 49 | 39 | 21 | **178** |
| Добро | 1 | 20 | 10 | 6 | **37** |
| Незадоволително | 2 | 2 | 1 | | **5** |
| **Вкупно** | **72** | **71** | **50** | **27** | **220** |

**Графички приказ на поведението на учениците**




На крајот од наставната година 80,9% од учениците се со примерно поведение, што е за 2,5% понизок бројот на ученици во однос на минатата година.
На крајот од наставната година изречени се вкупно 39 педагошки мерки.

**Табеларен преглед на изречени педагошки мерки**

| Педагошка мерка | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Писмена опомена од раководител на паралелка | 2 | 21 | 7 | 6 | **36** |
| Писмена опомена пред отстранување од училиште | | 2 | | | **2** |
| Отстранување од училиштето | | | 1 | | **1** |
| **Вкупно** | **2** | **23** | **8** | **6** | **39** |

**Графички приказ на изречени педагошки мерки во последните три години**




Со сите активности што ги планира и реализира центарот, не се забележува тренд на подобрување на поведението на учениците во последните 3 години.
Во центарот нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | добро | Центарот го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.<br>Не е формиран ученички парламент што го одразува етничкиот состав на центарот.<br>Ученичката заедница во реализација на својата програма добива поддршка од центарот (менторска, логистичка, материјална итн.).<br>Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците/ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница.<br>Постојат до две реализирани активности на младински активизам во една учебна година.<br>По насоки од ЦСОО во соработка „Македонскиот центар за граѓанско образование” во центарот се имплементира програма за подржување на работата на ученичките заедници и поттикнување на нивното демократско учество во училиштата, преку спроведување ученички иницијативи. Програмата претставува надополнување на новите наставни програми по Граѓанско образование, кои предвидуваат активно ангажирање на учениците во унапредување на центарот и заедницата. За таа цел назначен беше тим за имплементација на програмата во состав: директор на центарот, психолог, предметен наставник по граѓанско образование. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 5.2 | **Промовирање на постигањата**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Промовирање на личните постигања на учениците | добро | Центарот става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.<br>Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите и имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на центарот.<br>Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на центарот и во пошироката локална средина.<br>Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции. | Годишна програма за работа на училиштето; изложени трудови на учениците; Паноа со пофалби, награди; Примери на промовирани активности во медиумите за постигнувањата на учениците; Записници од интервјуа со наставници и со стручни соработници, ученици, родители; Промотивни материјали за активности; Педагошка евиденција; Соопштенија до медиумите; интернет-страница, социјални мрежи и др; Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција. |
| | Промовирање на постигањата во име на училиштето | многу добро | Центарот има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав.<br>Центарот има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.<br>Центарот има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 5.3 | **Еднаквост и правичност**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Познавање и практикување на правата на децата | добро | Сите вработени во центарот ги знаат и ги почитуваат правата на децата.<br>Центарот се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.<br>Центарот ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br>Центарот не презема доволно активности за да ги запознае родителите со правата на децата. | Педагошка евиденција во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности; Структура на паралелките; Интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручните соработници; Прашалници за учениците и за родителите; Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; Дневник за работа на стручните соработници; Оперативен план за наставен час; Записници од наставнички совет. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | добро | Сите вработени во центарот правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.<br>Центарот ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).<br>Центарот гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.<br>Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др. | |
| | Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | добро | Центарот води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно взаемно прифаќање.<br>Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат.<br>Центарот планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 5.4 | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Соработка на училиштето со родителите | добро | Центарот ја прифаќа поддршката од родителите што самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на центарот, но мал е бројот на активностите што училиштето ги презема за вклучување на родителите.<br>Притоа, користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.<br>Центарот има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи, застапеност на родители како членови што се од различни етнички заедници.<br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на центарот, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители.<br>Родителите се чувствуваат добредојдени во центарот. | Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); Записници од советот на родители и родителски средби; Анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; Педагошка евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност); Статут на училиштето; Интернет- страница на училиштето; Договор со деловната заедница; Решение за именување на членовите на училиштен одбор; Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците; Записници и одлуки од состаноците на училишен одбор; Организирани трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница; Документација за добиени спонзорства и донации; записници од ученички парламент; Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција. |
| | Соработка со општината и урбаната заедница | добро | Центарот е активно вклучен во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Во тој контекст го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.<br>Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во центарот.<br>Центарот промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и вонанаставните активности. Тоа промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина. | |
| | Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор | добро | Центарот остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.<br>Центарот има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво<br>Во досегашната работа сите наши искуства од соработката со деловната заедница ги оценуваме како исклучително важни, како еден темел врз кој што учениците ќе ја градат својата професионална иднина. Релацијата со бизнис заедницата е од голема важност за учениците, со цел тие реално да ја согледаат работата на работодавачите и да ја осознаат природата на нивната работа, а и самите да се пронајдат во тоа. Само преку поврзување на теоријата со праксата, учениците ќе можат да добијат покомплетна слика за процесот на производство, за праксата, а со тоа полесно ќе се пронајдат себе си во сферата каде што ќе ја насочат сопствената егзистенција.<br>Меѓутоа како Регионален центар сметаме дека постои простор за унапредување на соработката со деловната заедница, која не е на задоволително ниво. Сеуште постојат отворени прашања кои треба да се решат во блиска иднина, во соработка со Здружението на угостители од Охрид, Кластерот на Охридското езеро, Стопанската комора на Р. Северна Македонија и ХОТАМ. | |

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Центарот е препознатлив според добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на центарот.
- Центарот е инклузивен, безбеден и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.
- Наставниот кадар ужива респект кај родителите.
- Во центарот владеат позитивни меѓучовечки односи.
- Учениците и вработените се идентификуваат со центарот, се грижат за неговиот углед.
- Центарот има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите.
- Центарот води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот.
- Во центарот постои професионална соработка меѓу вработените.
- Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за центарот.
- Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во центарот.
- Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување.
- Центарот соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.
- Во Центарот нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.
- Центарот го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.
- Центарот става голем акцент на постигнувањата на сите ученици.
- Центарот има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на центарот и во пошироката локална средина.
- Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции.
- Центарот има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво.
- Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав.
- Центарот има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.
- Центарот има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.
- Сите вработени ги знаат и ги почитуваат правата на децата.
- Центарот ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
- Сите вработени во центарот правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.
- Центарот ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).
- Центарот гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.
- Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др..
- Центарот води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.
- Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат.
- Центарот планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

- Центарот е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.
- Центарот го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.
- Центарот промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и вонnаставните активности.
- Центарот остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.

**Слабости**

- Со сите активности што ги планира и презема центарот, угледот/имиџот што го има пред сè во локалната заедница, може да се каже дека е подобрен, но сè уште сметаме дека имиџот што го има пред сè во локалната заедница, не е на потребното задоволително ниво.
- Со сите активности што ги планира и реализира центарот, не се забележува тренд на подобрување на поведението на учениците во последните 3 години.
- Не е формиран ученички парламент што го одразува етничкиот состав на центарот.
- Центарот не презема доволно активности за да ги запознае родителите со правата на децата.
- Центарот ја прифаќа поддршката од родителите што самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но мал е бројот на активностите што училиштето ги презема за вклучување на родителите.
- Постои простор за унапредување на соработката со деловната заедница, која не е на задоволително ниво.

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
| --- |
| 1. Подобрување на угледот/имиџот што го има центарот, пред сè во локалната заедница.<br>2. Подобрување на поведението на учениците.<br>3. Формирање ученички парламент што го одразува етничкиот состав на центарот.<br>4. Организирање работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.<br>5. Преземање добро испланирани активности и организирање обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на центарот на сите нивоа.<br>6. Унапредување на соработката со деловната заедница. |

## Подрачје бр. 6: РЕСУРСИ

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | Просторни услови |
| | | Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала |
| | | Училишна библиотека |
| | | Потрошен материјал |
| | | Училишна реална или виртуелна компанија |
| | | Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | Број на вработени и соодветност на наставниот кадар |
| | | Ефективност и распоредување на кадарот |
| | | Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби нанаставниот кадар | Професионален и кариерен развој на наставниците |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

<table>
<tr><th>Бр.</th><th>Подподрачје и опис на теми</th><th>Оценка за квалитет</th><th>Опис на нивото за квалитет</th><th>Извор на податок</th></tr>
<tr><td rowspan="2">6.1</td><td colspan="4">Сместување и просторни капацитети<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје</td></tr>
<tr><td>Просторни услови</td><td>добро</td><td>
Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот.<br>
Наставата се реализира во една училишна зграда во две смени.<br><br>
Табеларен преглед на просторот во Центарот<br><br>
<table>
<tr><th>Рб</th><th>Вид/намена на просторот</th><th>Површина</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Корисен простор</td><td>2.102 $м^2$</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Дворна површина</td><td>10.475 $м^2$</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>12.577 $м^2$</td></tr>
</table><br>
Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање вонннаставни активности за учениците.<br>
Согласно Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, во тек е реконструкција на училишниот простор согласно стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби.<br>
Во делот од „Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука”, од декември 2021 година се започна со изведување на одредени градежни работи:<br>
▪ во ученичкиот дом;<br>
▪ промена на кровната конструкција и реконструкција на фасадата во делот над училиштето и ученичкиот дом;<br>
▪ реконструкција на постоечките училиници и кабинети за практична обука согласно стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби;<br>
▪ хортикултурно уредување на просторот.<br>
Но мора да се напомене, дека овие активности не се реализираа согласно договорената динамика меѓу договорните страни.<br>
Согласно наставните планови и програми за реформирано техничко образование и интегрираниот приод на настава (теорија, вежби и пракса), во центарот треба да бидат обезбедени следните видови на простории за потребите на одделни модули и квалификацијата во целина:<br>
▪ 3 универзални училници;<br>
▪ 5 специјализирани училници<br>
▪ 1 кабинет по готварство;<br>
▪ 1 кабинет по угостителско послужување;<br>
▪ 1 работилница за практична обука и вежби по угостителско послужување;<br>
▪ 1 работилница за практична обука и вежби по готварство.<br>
Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.<br>
Во центарот има соодветни училишни работилници за практична обука на учениците, во која учениците ќе се здобиваат со знаења и вештини, согласно наставните планови и програми за реформирано техничко образование и интегрираниот приод на настава.<br>
Училишната зграда и просторот (ходници, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (приспособени тоалети и др.).<br>
Учениците на располагање имаат 6 нови и целосно реконструирани санитарни јазли, сите сместени на приземјето, кои се достапни за сите ученици.
</td><td>Годишна програма за работа; План/програма за развој на училиштето; Записници од просветната и санитарната инспекција; распоред на часови; Распоред по училници, паралелки/групи и смени за организирање настава; Полугодишен и годишен извештај; Записници од работата на стручните активи; Интервјуа со наставниците; Внатрешна пристапност до тоалетот, простор во училница, ходници.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Регионалниот центар нема фискултурна сала. Решени се имотно-правните односи со поранешните сопственици на дел од локацијата. Изготвена е соодветната проектна документација. Доставено е до Секторот за организациони работи на Министерството за образование и наука – Одделение за капитални инвестиции: Барање за согласност за изградба и опремување училишна спортска сала.<br>Постоечкото спортско игралиште за мал фудбал, одбојка и кошарка е во лоша состојба. Решени се имотно-правните односи со поранешните сопственици на дел од локацијата. Изготвена е соодветната проектна документација. Доставено е до Секторот за организациони работи на Министерството за образование и наука – Одделение за капитални инвестиции и до Агенцијата за млади и спорт: Барање за согласност за реконструкција на постоечкото спортско игралиште за мал фудбал, кошарка и одбојка.<br>Барањето за согласност за реконструкција на постоечкото спортско игралиште за мал фудбал, кошарка и одбојка е одобрено. | |
| | Искористеност на просторните капацитети | добро | Центарот има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 6.2 | **Наставни средства и материјали**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала | добро | Регионалниот центар треба да располага со современа стручна литература и со разновидни наставни средства и помагала по сите наставни предмети согласно нормативите и континуирано треба да ги обновува за да соодвествуваат со современите наставни текови. Согласно Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, во тек е набавка на наставна опрема и нагледни средства за подобрување на квалитетот на наставата согласно стандардите за опрема. За таа цел согледана и ревидирана е фактичката сосотојба. Изготвена е проектна документација и поднесена е до соодветните институции кои треба да ја спроведат тендерската постапка.<br>Центарот континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.<br>Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИТ. Наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.<br>Центарот располага со мал број соодветна стручна литература, нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби центарот не изготвува приспособени нагледни средства. | Документација на училиштето за набавување стручна литература и наставни помагала; Записник од разговорот со наставниците, стручните соработници и директорот; Увид во библиотечната евиденција; анкета со учениците; Документација за планирани и набавени потрошни материјали; Самоевалуација на училиштето и планот/програмата за развој на училиштето; интерни акти, полугодишен и годишен извештај, годишната програма; Записници од стручните активи; Увид во училишните работилници, машините, уредите, апаратите и алатите за практична обука; Пописни листи. |
| | Училишна библиотека | добро | Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите.<br>Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија.<br>Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет.<br>Во библиотеката уредно се води библиотечната евиденција. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води навремено и прописно.<br>Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.<br>Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>Во библиотеката има литература на странски и на изборните јазици што се изучуваат во училиштето.<br>Бесплатните учебниците им се доделуваат на учениците согласно претходно изготвен Правилник од страна на МОН. | |
| | Потрошен материјал | добро | Центарот планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, вонннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето. | |
| | Училишна реална или виртуелна компанија | не задоволува | Центарот нема регистрирана реална или виртуелна компанија. | |

<table>
<tr><th>Бр.</th><th>Подподрачје и опис на теми</th><th>Оценка за квалитет</th><th>Опис на нивото за квалитет</th><th>Извор на податок</th></tr>
<tr><td rowspan="3">6.3</td><td colspan="4">Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје</td></tr>
<tr><td>Број на вработени и соодветност на наставниот кадар</td><td>добро</td><td>Центарот има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.<br>Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и центарот во целина.<br><br>Табеларен преглед на кадарот кој работи во Центарот<br><table>
<tr><th rowspan="2">Рб</th><th rowspan="2">Наставен и ненаставен кадар</th><th colspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>машки</th><th>женски</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Вкупен број на вработени</td><td>15</td><td>28</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Број на наставен кадар</td><td>9</td><td>19</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Број на стручни соработници</td><td></td><td>2</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Број на административни работници</td><td>2</td><td>3</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Техничка служба</td><td>3</td><td>4</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Директор</td><td>1</td><td></td></tr>
</table><br>Поголем број наставници и стручни соработници се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и младинско учество, но не постои практика да се врши дисеминација на базичната обука за нововрабoтените.<br>Центарот има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.</td><td rowspan="2">Досиеја на вработени; Акт за организација и систематизација на работните места; Записник од разговорот со директорот и со наставниците; Годишна програма за работа на училиштето; Програми за работа на стручните соработници; Извештај од работата на стручните соработници; Записници од стручните активи; Програма и извештаи на наставниците ментори; Записници од работата на инклузивниот тим.</td></tr>
<tr><td>Ефективност и распоредување на кадарот</td><td>добро</td><td>Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Постојниот наставен кадар сериозно приоѓа кон работата, односно планирањето и изведувањето на наставата и вонаставните активности.<br>При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот.<br>Во училишната библиотека ангажирани се повеќе лица што дополнуваат фонд на часови во училиштето.<br>При распределбата на часовите се води грижа за правилна и правична оптовареност на наставниците. При распределбата на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците, што во најголем дел придонесува за исполнување на целите на наставата.<br>Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | добро | Центарот има стручна служба составена од психолог и дефектолог.<br>Центарот има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош за работа со учениците и за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за подобрување на соработката на учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка. | |

**Табеларен преглед на спроведеното советување на родителите во училиштето**
(извадок од годишниот извештај за советување на родителите
за периодот од 01.09.2023 до 10.06.2024 година)

| Рб | Основи за советување на родителите | Број на повикани родители за советување |
|---|---|---|
| 1. | Намален успех во учењето / негативна оценка по три или повеќе предмети/ значително опаднат општ успех во краток период | 39 |
| 2. | Нередовно посетување на настава | 17 |
| 3. | Намален успех во учењето и нередовно посетување на наставата | 22 |
| **Вкупно** | | **78** |

**Табеларен преглед на спроведеното советување на учениците во училиштето**
(извадок од годишниот извештај за советување на учениците
за периодот од 01.09.2023 до 10.06.2024 година)

| Рб | Основи за советување на учениците | Број на повикани ученици за советување |
|---|---|---|
| 1. | Намален успех во учењето / негативна оценка по три или повеќе предмети/ значително опаднат општ успех во краток период | 19 |
| 2. | Нередовно посетување на настава | 7 |
| 3. | Намален успех во учењето и нередовно посетување на наставата | 9 |
| **Вкупно** | | **36** |

Учениците во текот на учебната година 2023/2024 година се следени, мотивирани и советувани за подобрување на негативните аспекти: индивидуално, групно и во соработка со родителите и класните раководители.
Со извршените советодавно консултативни разговори се подобри од првото во второто полугодие:

- редовноста на учениците;
- успехот кај учениците;
- однесувањето на учениците.

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 6.4 | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Професионален и кариерен развој на наставниците | добро | Центарот ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br>Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Врз основа на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници.<br>Центарот има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.<br>Центарот организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и младинско учество итн.<br>Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br><br>**Листа на спроведени обуки на наставниот кадар во последните 2 години** (види табела подолу) | Годишна програма за работа на училиштето; интерни акти; Разговори со стручните соработници, наставниците и со директорот; Лични планови за професионален развој; Програма за професионален развој на наставниот кадар; професионално досие на наставник/стручен соработник; Извештај од самоевалуација; програма за работа на менторот и нововрботениот во текот на учебната година; Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот; Листи од спроведените интерни обуки; Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција. |

**Листа на спроведени обуки на наставниот кадар во последните 2 години**

| Рб | Назив на обуката/ Провајдер на обуката | Бр. на наставници |
|---|---|---|
| 1. | „Инклузивно образование-Развивање на средните/СОО училишта во Регионални инклузивни центри на одличност”, Sustainable Development GOALS UNDP, Министерство за образование и наука | 4 |
| 2. | „Училиштето се среќава со компаниите”, Австриско Федерално Министерство за образование, наука и истражување, во соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука | 2 |
| 3. | „Примена на знаења во реални работни процеси”, Јас и брат ми 2010 ДООЕЛ-хотел Гарден Охрид, Туристичка агенција „КТМ Voyage” Охрид, Туристичка агенција „ВИС ПОЈ” ДООЕЛ Охрид, „Зеро Бет” ДООЕЛ - Ресторан „Лихнидос” Охрид | 10 |
| 4. | „Примена на содржински и методски новини во наставниот предмет во праксата за користење на софтвер за хотелско и агенциско работење”, Хелветас Швајцарска Интеркооперација од Швајцарија (ХСИ), ЦСОО, Здружение на граѓани за истражување и креирање политики во туризмот, угостителството и одржливиот развој ТУРИСТИКА, Скопје, Дејан Методијески и Оливер Филипоски | 11 |
| 5. | „Примена на содржински и методски новини во наставниот предмет во праксата за занимањето сомелиер”, Хелветас Швајцарска Интеркооперација од Швајцарија (ХСИ), ЦСОО, Macedonian Association of Sommeliers (MASOM), Звонко Херцог | 10 |
| 6. | „Основни родови концепти”, EU for youth, Weglobal | 3 |
| 7. | „Родови аспекти во проценка на влијанието на регулативата”, EU for youth, WEglobal | 1 |
| 8. | „Развој и менаџмент на човечки ресурски”, EU for youth, WEglobal | 1 |
| 9. | „Ориентација кон резултати”, EU for youth, WEglobal | 2 |
| 10. | „Сите сме комуникатори”, EU for youth, WEglobal | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | <table><tr><td>11.</td><td>„Обука за европас додаток на сертификат”, Национална агенција за европско образование и мобилност</td><td>2</td></tr><tr><td>12.</td><td>„Обука за советници и проценувачи за ВНИУ”, Проект за зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образование на возрасни, ЕУ за млади, EU for youth, WEglobal</td><td>8</td></tr><tr><td>13.</td><td>„Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата при следење на учениците, при решавање на проблеми, ситуации во истражувашки активности и слично”, БРО</td><td>10</td></tr></table><br>За новите вработени се организира запознавање со нивните обврски како приправници, одредување ментор, неговата улога и значење, давање инструкции околу полагањето на приправничкиот испит и се она што ќе значи помош на наставниците-приправници.<br>Центарот има и реализира програма за менторство на наставници. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок Верификација на податок |
|---|---|---|---|---|
| 6.5 | **Финансиско работење во училиштето**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | добро | Центарот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на центарот, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.<br>Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на центарот во целина.<br>Училишниот одбор најмалку еднаш квартално добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на центарот. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. | Финансиски план, развоен план/програма и годишната програма за работа; Записници од разговори со директорот, одговорните лица, наставниците, училишниот одбор, инклузивниот тим; Записници и одлуки на училишниот одбор; Записници од разговори со советот на родители и ученичката заедница; Записници од разговори со тимот за меѓуетничка интеграција; Склучени договори, тендери за јавни набавки; Понуди; Записници од Ревизија и Управата за јавни приходи; Програмата на ученичката заедница; Финансиски извештај; Пишан документ за определување на приоритети за финансискиот план; Прашалник од одговорно лице од основачот. |

**Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот.
- Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците.
- Согласно Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, во тек е реконструкција на училишниот простор согласно стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби.
- Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.
- Во центарот има соодветни училишни работилници за практична обука на учениците, во која учениците ќе се здобиваат со знаења и вештини, согласно наставните планови и програми за реформирано техничко образование и интегрираниот приод на настава.
- Училишната зграда и просторот (ходници, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (приспособени тоалети и др.).
- Учениците на располагање имаат 6 нови и целосно реконструирани санитарни јазли, сите сместени на приземјето, кои се достапни за сите ученици.
- Центарот има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
- Согласно Концептот за развивање на Регионални центри за стручно образование и обука, во тек е набавка на наставна опрема и нагледни средства за подобрување на квалитетот на наставата согласно стандардите за опрема.
- Центарот континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.
- Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.
- Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ, при што наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.
- Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите.
- Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија.
- Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет.
- Во библиотеката уредно се води библиотечната евиденција, при што целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води навремено и прописно.
- Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
- Во библиотеката има литература на странски и на изборните јазици што се изучуваат во училиштето.
- Бесплатните учебниците им се доделуваат на учениците согласно претходно изготвен Правилник од страна на МОН.
- Центарот планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето.
- Центарот има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.
- Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки, кој е валификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина.
- Центарот има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на центарот.
- При распределбата на часовите се води грижа за правилна и правична оптовареност на наставниците.
- Центарот има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош за работа со учениците и за работа со деца со посебни образовни потреби.
- Центарот ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој.
- Центарот на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници.
- Центарот има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.
- Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
- Центарот ги информира органите и телата во центарот за училишниот буџет и трошењето.

- Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на центарот во целина.
- Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

**Слабости**

- Регионалниот центар нема фискултурна сала.
- Постоечкото спортско игралиште за мал фудбал, одбојка и кошарка е во лоша состојба.
- Центарот располага со мал број соодветна стручна литература, нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.
- За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби центарот не изготвува приспособени нагледни средства.
- Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.
- Центарот нема регистрирана реална или виртуелна компанија.
- Училишниот одбор најмалку еднаш квартално добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на центарот.

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
|---|
| 1. Реализација на изградбата на предвидената фискултурна сала во центарот.<br>2. Реконструкција на постоечкото спортско игралиште за мал фудбал, кошарка и одбојка.<br>3. Набавка на современа наставна опрема и нагледни средства (општа опрема која е составен дел на универзалните училници и останатите простории и специфична опрема, карактеристична за специјализираните училници, кабинети, лаборатории и училничките работилници за дадената квалификација).<br>4. Обезбедување на соодветна и современа стручна литература, нагледни средства, материјали, асистивна технологија и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br>5. Изготвување приспособени нагледни средства за спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби училиштето.<br>6. Водење електронска евиденција за издадените и вратените книги во библиотеката.<br>7. Регистрирање на реална или виртуелна компанија во центарот.<br>8. Училишниот одбор еднаш месечно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на центарот. |

## 9. Подрачје бр. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | Управување со училиштето |
| | | Раководење со училиштето |
| 7.2 | Креирање на училишната политика | Јасност и соодветност на мисијата и визијата |
| | | Процедури за креирање на училишната политики |
| | | Резултати од развојното планирање |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 7.1 | **Управување со училиштето**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Управување со училиштето | добро | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на центарот, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во училиштен одбор (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници).<br>Училишниот одбор нема донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално не ги следи активностите.<br>Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор.<br>Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на центарот и другите училишни структури.<br>Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на центарот, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. | Програма за работа на училишниот одбор; Деловник за работа на училишниот одбор; Статут на училиштето; финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); Самоевалуација, план/програма за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Интервјуа со наставници, родители и ученици, инклузивниот тим и училишниот одбор; Записници од инспекциски надзори; записници од работата на тимот за училишна интеграција. |
| | Раководење со училиштето | добро | Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Успешно ги имплементира во центарот промените во образовниот систем. Се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на центарот. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Проактивен е во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество.<br>Не постои организациона структура на раководители по одделни сектори во Регионалниот центар. | |

| Бр. | Подподрачје и опис на теми | Оценка за квалитет | Опис на нивото за квалитет | Извор на податок |
|---|---|---|---|---|
| 7.2 | **Креирање на училишната политика**<br>Теми кои ги покрива ова подподрачје | | | |
| | Јасност и соодветност на мисијата и визијата | добро | Мисијата и визијата на центарот ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.<br>Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив.<br>Центарот ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во центарот, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.<br>Центарот соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. | Годишна програма за работа на училиштето; Самоевалуација, развоен план/програма на училиштето; План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; Анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; Интерни акти; Програмата за работа и извештајот за работата на училишниот одбор; Пишани процедури за креирање училишни политики; Деловник за работа на училишниот одбор; План за професионален развој; Извештаи од интерната евалуација; Финансиски план на училиштето, |
| | Процедури за креирање на училишната политика | добро | Центарот има пропишани процедури за донесување училишни политики. Континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во центарот, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн.<br>Вработените, структурите во центарот, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување. | |
| | Резултати од развојното планирање | добро | Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на центарот и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br>Центарот има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели.<br>Центарот има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите, но не ја почитува динамиката на следење и евалуација<br>Центарот нередовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат. | |

| **Резултати: Кратко образожение на нашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>▪ Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на центарот, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор.<br>▪ Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа.<br>▪ Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>▪ Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на центарот и другите училишни структури.<br>▪ Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на центарот, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.<br>▪ Раководниот орган има јасна визија за развојот на центарот со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на центарот.<br>▪ Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во центарот.<br>▪ Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој.<br>▪ Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.<br>▪ Раководниот орган е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество.<br>▪ Мисијата и визијата на центарот ја одразуваат државната и локалната образовна политика.<br>▪ Центарот ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во центарот, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.<br>▪ Центарот има пропишани процедури за донесување училишни политики.<br>▪ Центарот континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во центарот, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество , намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн.<br>▪ Вработените, структурите во центарот, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.<br>▪ Резултатите од развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на центарот и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br>▪ Центарот има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели.<br><br>**Слабости**<br><br>▪ Училишниот одбор нема донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално не ги следи активностите.<br>▪ Не постои организациона структура на раководители по одделни сектори во Регионалниот центар.<br>▪ Центарот има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите, но не ја почитува динамиката на следење и евалуација<br>▪ Центарот нередовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат. |

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
|---|
| 1. Донесување план од страна на училишниот одбор за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално следење на активностите.<br>2. Воспоставување организациона структура на раководители по одделни сектори во Регионалниот центар.<br>3. Почитување на динамиката на следење и евалуација на остварување на резултатите од развојното планирање.<br>4. Редовно информирање на наставниците, учениците и родителите за резултатите од развојното планирање што треба да се постигнат. |

## 10. ЈАКИ СТРАНИ И СЛАБОСТИ, ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА УЧИЛИШТЕТО

Како и вообичаено во секоја работа така и во нашето училиште има јаки страни и слабости, предности и недостатоци

**SWOT АНАЛИЗА**

| **На центарот** | **Силни или добри страни** | **Слаби или лоши страни** |
|---|---|---|
| | Регионален центар за стручно образование и обука во југозападниот регион.<br>Местоположба на центарот.<br>Видео надзор.<br>Можности за добро организирана практична работа.<br>Оспособен и компетентен наставен кадар (искуств, знаење, вештини и информации)<br>Поголем дел од вработените се поготвени за промена и за понатамошно усовршување.<br>Добар менаџмент на центарот.<br>Односи со јавноста.<br>Воспоставена соработка со локалната и деловната заедница.<br>Центарот учествува на многубројни државни и меѓународни натпревари каде постигнува значајни резултати.<br>Еколошкото образование и заштитата на животната средина се составен дел на училишната политика.<br>Организациска поставеност.<br>Грижата за учениците.<br>Здрава училишна клима. | Редовност на учениците.<br>Успех на учениците.<br>Поведение на учениците.<br>Нема фискултурна сала.<br>Работа во две смени.<br>Спортското игралиште.<br>Не е воведена во библиотеката електронска евиденција на вратени и издадени книги.<br>Нема регистриран спортски клуб.<br>Наставна опрема и нагледните средства за подобрување на квалитетот на наставата треба да се согласно стандардите за опрема.<br>Постојните училници и кабинети треба да одговараат на стандардите за простор и опрема за стручно-теоретска настава, практична обука и вежби.<br>Недоволна вклученост на родителите и ученичкатата заедница во креирањето на училишната политика и следењето на реализацијата на поставените цели. |
| **Од опкружувањето** | **Можности што ги нуди опкружувањето** | **Закани што доаѓаат од опкружувањето** |
| | Развој на бизнисот.<br>Натпреварувачки дух во локалната средина и пошироко.<br>Трендови во секојдневниот живот и деловната заедница.<br>Развој на технологијата и иновациите.<br>Глобално влијание.<br>Партнерства.<br>Поддршка од Владата, други фондови и од деловната заедница. | Ефекти од политиката.<br>Ефекти од легислативата.<br>Економската состојба.<br>Општествени девијантни промени.<br>Пречки од најразличен вид.<br>Намалување на наталитетот.<br>Емиграција на населението во странство. |

## 11. ОПИС НА МЕРИЛА

| Рб | Мерило | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Најголем број | Повеќе од 80% од вкупниот број |
| 2. | Поголем број | Повеќе од 60% од вкупниот број |
| 3. | Голем број | Повеќе од 30% од вкупниот број |
| 4. | Мал број | Под 30% од вкупниот број |
| 5. | Пропишан приод/процедура | Пишан документ кој е усвоен од органите на училиштето |
| 6. | Договорен приод/процедура | Усно договорен приод/процедура на седниците на органите и телата на училиштето |

Темите се евалуираат на четири нивоа: многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува.

| Рб | Мерило | Опис на мерило |
|---|---|---|
| 1. | Многу добро | Со многу добро се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. |
| 2. | Добро | Со добро се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците. |
| 3. | Делумно задоволува | Со делумно задоволува се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. |
| 4. | Не задоволува | Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. |

## ИЗГОТВУВАЊЕ И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКТА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР

Процесот на Самоевалуацијата на работењето на РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР се одвиваше во четири фази:

- подготвителна фаза – формирање работна група и тимови (одредување членови на тимовите и датум до кога да го изготват својот дел од работната верзија);
- фаза на изработка на работна верзија (преку примена на разни квантитативно-квалитативни техники и истражувачки постапки, како на пр. преку: разговори со сите заинтересирани страни, анкетирање, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документи и сл.;
- фаза на изработка на предлог-Самоевалуација;
- фаза на утврдување и усвојување - седници на Наставничкиот совет и Училишниот одбор.

### Работна група

| Рб | Име и презиме | Работно место |
|---|---|---|
| 1. | Даница Скрческа | Психолог, координатор |
| 2. | Лазо Дуноски | Професор по стручни предмети |
| 3. | Мире Зафироска | Професор по македонски јазик и литература |
| 4. | Блаже Јорданоски | Професор по стручни предмети |
| 5. | Марко Ѓорѓиоски | Претставник од Совет на родители |
| 6. | Теона Талевска | Ученик III-3 |
| 7. | Константин Мурговски | Ученик III-3 |

### Работни тимови

| Рб | Подрачје на евалуација | Работен тим | Дополнителни активности на тимот |
|---|---|---|---|
| 1. | Наставни планови и програми | 1. Весна Ангелоска-водич, професор по англиски јазик<br>2. Маринела Радеска, професор по француски јазик<br>3. Радивоја Раткушиноски, професор по македонски јазик и литература<br>4. Мартина Анѓелевска-ученик I-5<br>5. Антонио Тулоски-ученик I-5 | |
| 2. | Постигнувања на учениците | 1. Весна Димоска-водич, професор по математика<br>2. Тони Андрески- професор по спорт и спортски активности<br>3. Никола Илијев, професор по математика<br>4. Иван Бимбилоски-ученик II-3<br>5. Атиџе Луманоски-ученик II-4 | |
| 3. | Учење и настава | 1. Марија Ѓорѓиоска-водич, дефектолог<br>2. Емилија Каранфилоска, професор по македонски јазик и литература<br>3. Мире Петреска, професор по англиски јазик<br>4. Јована Суклеска-ученик II-5<br>5. Мартин Алексоски-ученик II-2 | 1. Анкетирање на учениците од I и II година<br>2. Анкетирање на родителите/ старателите на учениците од I и II година |
| 4. | Поддршка на учениците | 1. Александра Николеска -водич, професор по психологија<br>2. Марија Ѓорѓиоска, дефектолог<br>3. Лионела Јаковлева, професор по стручни предмети<br>4. Лука Манчевски-ученик II-2<br>5. Бранкица Велевска-ученик II-5 | 1. Анкетирање на учениците од III и IV година<br>2. Анкетирање на родителите/ старателите на учениците од III и IV година |
| 5. | Училишна клима и односи во училиштето | 1. Јелиз Караман Бешир-водич, професор по стручни предмети<br>2. Емилија Каранфилоска, професор по македонски јазик и литература<br>3. Мире Петреска, професор по англиски јазик<br>4. Ненад Волчески -ученик III-3 | 1. Анкетирање на наставниот кадар<br>2. Интервју со директорот и стручната служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 5. Јована Капиданова-ученик III-4 | |
| 6. | Ресурси | 1. Костадинка Томаноска-водич, професор по хигиена<br>2. Васил Талески- професор по стручни предмети<br>3. Силви Мешкоска, професор по стручни предмети<br>4. Мишела Степанова-ученик III-4<br>5. Наум Стојаноски-ученик III-4 | |
| 7. | Управување, раководење и креирање на политика | 1. Анита Чачоровска-водич, професор по германски јазик<br>2. Милена Илијеска, професор по стручни предмети<br>3. Петар Серафимоски, професор по спорт и спортски активности<br>4. Иван Анѓелески-ученик II-3<br>5. Христина Кушлаковиќ-ученик II-3 | |

Во целина очекуваме овој документ да придонесе за понатамошни позитивни промени на состојбите во работењето на РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР.

## РЕЗИМЕ

Врз основа на Законот за средно образование (Службен весник на Република Македонија број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) и Статутот на Регионалниот центар, Училишниот одбор на својата седница одржана на ден 30 август 2024 година, а по претходно разгледување на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 30 август 2024 година, ја донесе Самоевалуацијата на работењето на РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР во периодот од 2022 до 2024 година.

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,** | | **ДИРЕКТОР,** |
| **Лазо Дуноски** | | **Марјан Радески** |
| ______________________________ | МП | ______________________________ |